# Наши шуми

БРОЈ 37 ДЕКЕМВРИ 2007

ЈП „МАКЕДОНСКИ ШУМИ“



## Човеку, не уништувај ме!

ISSN 1409-7850








Зимски мотиви: Ловиште „Полаки“ – Кочани

# ИМПРЕСУМ

Весник на ЈП за стопанисување
со шуми „Македонски шуми“
*Издавач:*
ЈП „Македонски шуми“
*За издавачот:*
Владимир Бахчевановски
*генерален директор*
*Главен и одговорен уредник:*
Соња Никчевиќ
*Редакција:*
Соња Никчевиќ
Фатима Шкријељ
*Издавачки совет:*
Владимир Бахчевановски
м-р Костадинка Соколовска
д-р Константин Бахчеванџиев
м-р Здравко Трајанов
м-р Слободан Климоски
Соња Никчевиќ
Лепосава Ѓуроска
Бранко Клетнички
*Ликовно-техничка обработка:*
Дејан Крле
*Печати:*
САНИКО - Скопје
*Адреса:*
ЈП „Македонски шуми“
Ул. Перо Наков бб, Скопје
тел. 02 2581-080
факс 02 2581-824
*E-mail:*
makshumi@mkdsumi.com.mk
*www.mkdsumi.com.mk*

**РАЗГОВОР СО ПОВОД**



шум. инж. Г-дин. Анѓеле Спировски 08

**НАША ТЕМА**




60 години Шумарски факултет - Скопје 11

**ИСКУСТВА**



Сертификација на шумите во Србија-шуме 19



Пријателство без граници 26

## Денови на шумарството 2007

Традиционалната манифестација "Денови на шумарството" се одржа оваа година од петти до седми октомври во Охрид, во хотелот "Силекс". Во рамките на оваа манифестација е одржан државен натпревар на работниците во шумарските дисциплини (ракување со моторна пила), како и спортски натпревари на шумарските работници во пикадо, шах и гаѓање на глинени гулаби. На натпреварите земаа учество 28 подружници на ЈП и екипите од ЗШУЦ "Ѓорче Петров" од Кавадарци и Шумарскиот факултет.На манифестацијата како гости присуствуваа претставници на ЈП "Србијашуме", ЈП "Хрватске шуме" и Дирекција на шуми на Црна Гора.Севкупен екипен победник беше екипата на подружницата "Осогово" Кочани.

## XXXII–то традиционално советување за заштита на растенијата на РМ

Здружението за заштита на растенијата на Република Македонија во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на РМ, Факултетот за земјоделски науки и Шумарски факултет, од 13 - 16. ноември во Охрид оваа година го организираше XXXII-то традиционално советување за заштита на растенијата на Република Македонија со меѓународно учество. Советувањето го отвори претседателот на здружението за заштита на растенијата на РМ проф. д-р Станислава Лазаревска, а учесниците на советувањето ги поздрави Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на РМ. На манифестацијата се презентирани бројни научни трудови и новини во областа на шумарството и земјоделството.

## Голема акција на пошумување на ЈП "Македонски шуми "

Годинава од катастрофално големиот број на шумски пожари, опожарена е голема површина на висококвалитетна шума, за чија обнова е потребен подолг временски период. Според одлуката на Министерството за земјоделство. шумарство и водостопанство, министерот Ацо Спасеноски најави дека годинава ќе се пошумат 1.200 ха на голини и дополнително ќе се санираат 2.140 ха опожарени површини во Вардарската долина. Од овие причини, во состојба на зголемена потреба од садници, во ЈП "Македонски шуми" е зголемен планот за пошумување со посадочен материјал од сопствено производство, за 30%, во споредба со изминатите години. Во Секторот за одгледување, заштита и екологија на шумите, за 2008 година, се планира производство на околу 7.000.000 садници во расадниците на ЈП "Македонски шуми". За пролетното пошумување на овие површини се планира зголемено прозводство на садници, како и производство на дабови садници кои, покрај за редовно пошумување, ќе се користат и за мелиорација на деградираните дабови шуми, за таа цел е планирано да се произведат околу 600.000 илјади садници од даб. Според Стратегијата за одржлив развој 2007-2009 година се планираат активности за пошумување кои континуирано ќе траат преку целата година.

Неколку години наназад, во ЈП "Македонски шуми", континуирано се спроведува акцијата "Зелена Македонија", во која се организираат масовни акции на пошумување, на кои во еден ден учествуваат сите вработени во Јавното претпријатие, локалното население од месноста на која се врши пошумувањето, припадници на АРМ и сите оние кои сакаат да дадат придонес во озеленувањето на шумите во Република Македонија. Со големата акција за пошумување која е спроведена во рамките на есенското пошумување во 2007 година, пошумени се околу 2000 ха, со 4.000.000 садници од црн, бел бор, дуглазија, аризонски чемпрес, ела, смрча, јавор, јасен, багрем и др. лисјарски видови во помали количини, на локалитетите: Прилеп, Битола, Велес, Свети Николе, Штип, Ресен, Куманово, Кратово и Охрид. Покрај пошумувањето, преземени се и акции за санирање на опожарените површини. Есенва, како најповолен период за пошумување, се спроведува оваа акција која е наша обврска и должност кон средината во која живееме. ЈП "Македонски шуми" упатува апел до сите граѓани на Република Македонија за засадување на едно дрвце во својата средина. Акцијата најмасовно ќе се спроведува во Основните училишта, разни институции и поединци со високо развиена еколошка свест од јавниот и културниот живот, од најниско до највисоко ниво. ЈП "Македонски шуми " очекува поддршка и од медиумите во државата за омасовување на оваа благородна акција за развивање и подигање на еколошката свест на сите граѓани.



## Семинар за приватни шуми

Во организација на Асоцијацијата на Приватни шуми, со седиште во Берово, во почетокот на декември, во хотел Континентал беше одржан еднодневен Семинар на тема: “Потреба за развој на шумите во приватна сопственост во Република Македонија”. На Семинарот “Националната Асоцијација на сопственици на Приватни шуми“ ја претстави г-дин Дарко Скендерски, г-дин Сашо Петровски од СНВ-Македонија, искуствата за стопанисување со шумите во приватна сопственост од Австрија ги пренесе со презентација на “Асоцијација на приватни шуми од Бургенланд-Австрија ”, и последна беше “Презентацијата за законски промени кои се однесуваат на приватните шуми и се дел од Акциониот план од Стратегијата за одржлив развој на шумарството во РМ”, од страна на претседателот на Асоцијацијата г-дин Бранко Скендерски. После секоја презентација имаше дискусии во кои, секој од свој аспект го елаборираше своето мислење за докажување, утврдување и законска регулација на приватната сопственост на шумите во РМ. Спротивставени беа ставовите на приватните сопственици и ЈП “Македонски шуми”. За доследното спроведување на постоечката законска регулатива од страна на ЈП “Македонски шуми” зборуваше г-дин Анѓеле Спировски, а неговото излагање беше поддржано од претставникот на МЗШВ, г-дин Војо Говевски, кој укажа дека во моментов треба да се почитува законската регулатива таква како што е, и дека е за поздравување ваквата иницијатива, по законски пат, со дополни и измени, да се побара поинаков третман на приватните шуми. Семинарот се одржа во рамките на проектот “Поддршка на локалните општини и нивна соработка со локалните власти со цел зајакнување на демократијата и заштитата на шумите во животната средина ”. Носител на проектот е Националната асоцијација на сопственици на приватни шуми, а поддржан е од фондацијата СОРОС и СНВ-Македонија (Холандска развојна организација). На Семинарот учествуваа претставници на сите регионални здруженија на Приватни шуми, претставници од МЗШВ, од ЈП Македонски шуми, Претставници на СНВ од Македонија и Албанија.

## Меѓународен симпозиум по повод 60 години на основање на Шумарскиот факултет – Скопје

Од 24 до 26 Октомври 2007 година во Охрид (хотел Метропол) во организација на Шумарскиот факултет се одржа меѓународен симпозиум со теми: Одржливо шумарство, проблеми и предизвици и Перспективи и предизвици во дрвната индустрија На симпозиумот беа поканети и зедоа учество: Проректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“-Скопје; претставник на Министерството за образование и наука; претставник на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство; претставници на ЈП „Македонски шуми“ и други релевантни институции. На симпозиумот беа присутни преку 100 учесници од Македонија, Србија, Хрватска, Словенија, Бугарија, Словачка, Романија, Албанија и Финска. Од овој симпозиум е издаден Зборник кој содржи 89 трудови и три постери, прикажани на околу 550 страници. Во рамките на одбележувањето на јубилејот Шумарскиот факултет на 12.12.2007 година одржа Свечена седница во просториите на факултетот и Свечена академија во домот на АРМ, на кои присуствуваа бројни гости од институции со кои соработува Шумарскиот факултет, гости од слични институции во странство, со што на достоен начин се одбележа овој значаен јубилеј.





## Акција 1000 елки

Годинава, акцијата 1000 елки, која традиционално ја организира ЈП “Македонски шуми ”, ќе биде симболично одбележана со донација на елки во бусен на неколку десетици институции, претежно Основни училишта и градинки. Симболичното одбележување се должи на големата акција на пошумување на површините зафатени од пожарите 2007 година, која ја спроведува ЈП “Македонски шуми ”.

## Од Секторот за комерцијално работење

ЈП "Македонски шуми", стопанисува со државните шуми во РМ. Покрај останатите дејности ја регулира продажбата на техничко и огревно дрво. Со години наназад се појавуваа проблеми околу регулирањето на продажбата и особено со наплатата на побарувањата. Купувачите, не ретко го менуваа правниот субјект и називите на фирмите со што се отежнуваше платниот промет. Продажбата на дрвни сортименти на правни лица ја врши ЈП "Македонски шуми", преку **Секторот за комерцијално работење** во Дирекцијата на ЈП со однапред поднесено барање од комитентите (освен физички лица) и склучување на договор со комитентите кои ги исполнуваат условите од Барањето кое е унифицирано и објавено во медиумите и јавните гласила на ЈП "Македонски шуми". За 2007 год. беа поднесени околу 170 барања, од кои за букови трупци барања за 130.000м$^3$, а за четинарски дрвни видови 145.000м$^3$, а според планот, предвидено е да се посечат 89.222 м$^3$ букови трупци 43.051м$^3$ четинари и 5408м$^3$ обло техничко, 4176м$^3$ - ситно техничко дрво. Договорите се склучуваат на една година, при што се определува начинот на плаќање, динамика на испорака, вид на сортимент и складот од каде се продава дрвото. Цените на дрвните сортименти се во согласност на ценовникот на ЈП "Македонски шуми", како и важечките одлуки донесени од УО.



Во текот на 2007 година се склучени 110 комерцијални договори за купопродажба и тоа: - 47 договори за бука, со вкупна количина 76,670 м$^3$, - 63 договори за четинари со количина 16,970 м$^3$ - црн бор, 14,080 м$^3$ - бел бор, 3,630 м$^3$ - ела, 2,930-обло техничко, 350м$^3$ - ситно техничко и 300м$^3$ - техничка цепаница. Со планот за 2007 год. планирано е продажба на 602.588 м$^3$ огревно дрво. Заклучно со 30.11.2007, Секторот за комерција склучено 123 договори за 133.186 м$^3$. Со што е остварен вкупен приход од 398.429.130,00 денари од техничко дрво и 745.131.334,00 денари.Од што наплатени побарувања во 2007година изнесуваат 80%. Договорите за сите видови дрвни сортименти за извоз се склучуваат само во дирекцијата, односно Секторот за комерција. Еден од условите кои треба да ги исполни купувачот е авансно плаќање на 10% од договорената количина, како гаранција (овој износ се враќа со последната испорачана количина или останува како гаранција за следната година).

Подружниците, односно раководителите на подружниците имаат право да склучуваат договори само со Синдикати, здруженија на пензионери и други граѓански здруженија, како и со физички лица за сопствени потреби и тоа исклучиво за огревно дрво на територијата наопштината (рок на плаќање за огревно дрво е 15 дена од склучувањето на договорот). За склучување на договорот со правни лица-трговци со огревно дрво, потребни се податоци за:

- теквна состојба на правното лице од централен регистар на РМ не постара од 6 месеци
- ДРД образец од централен регистар на РМ
- заверен образец за последен исплатен личен доход
- да не должи во ЈП

Бидејќи продажбата се врши од складови на подружниците, тие се должни двапати месечно да достават во дирекцијата Спецификации за продажба и наплата, а еднаш месечно се поднесуваат кумулативни Прегледи на испорачано техничко и огревно дрво по договори. За потребите за Подружници се обезбедени 328.876м$^3$, а дел од останатите количини се планира за извоз (Грција, Албанија, Бугарија). Заклучно со 31.12.2007 година се очекува комплетна наплата на доспеаните побарувањата од комитентите за огревно и техничко дрво (освен договорите склучени на рати со синдикати, пензионери и физички лица). На предлог на Секторот за комерција, за идната година се предвидуваат извесни новини во начинот на продажба на букови пилански трупци (четинарите неколку години наназад се продаваат со авансно плаќање), кои главно се сведуваат на можност за комплетно авансно плаќање на договоредите количини и можност за склучување на договори на секои шест месеци, со што се надеваме дека ќе се подобри комуникацијата со комитентите, ќе се дефинира пазарот и ќе се работи со солвентни комитенти кои на време ќе ги исполнуваат договорите. Исто така се очекува дека сите договори за 2008 година ќе се потпишат веќе во почетокот на годината, со тоа што Барањата за потпишување договори ќе се поднесуваат само во периодот од 15.11.2007. до 31.12.2007, а договорите со комитентите кои ги исполнуваат условите од Барањето, ќе се почнат да се склучуваат од 15.01.2008 година.



## МОЛИТВА НА ШУМАТА

*Човеку!*

*Јас сум топлината на*
*твоето огниште*

*во ладните зимски ноќи,*

*пријателска ладовина*
*на летното сонце.*

*Јас сум било на*
*твојата куќа,*

*штица на твојата*
*трпеза,*

*кревет на кој спиеш и*

*дрво од кое го правиш*
*своето кајче.*

*Јас сум држалка на*
*твојата мотика,*

*врата на твоето трло и*

*дрво на твојата колевка.*

*Јас сум лебец на*
*добрината и*

*цвет на убавината.*

*Слушај ја молитвата*
*моја...*

*Не уништувај ме...*

*Среќни Новогодишни и Божиќни празници*
*ЈП Македонски шуми*

# УПРАВУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ШУМИТЕ, ВО РАМКИТЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

шум. инж. **АНЃЕЛЕ СПИРОВСКИ**
*советник на ген.дир. на ЈП "Македонски шуми"*

*СОГЛАСНО ЧЛ.4 ОД ЗАКОНОТ ЗА ШУМИТЕ ОД 1997 ГОД. ПОКРАЈ ОСТАНАТОТО СТОИ: "ЗАШТИТА НА ШУМИТЕ, ВО СМИСЛА НА ОВОЈ ЗАКОН, Е ЗАШТИТАТА ОД ПРОТИВПРАВНО ПРИСВОЈУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ, БЕСПРАВНИ СЕЧИ, ПОЖАРИ, РАСТИТЕЛНИ БОЛЕСТИ И ШТЕТНИЦИ, НАПАСУВАЊЕ ДОБИТОК, ЖЕЛАДЕЊЕ, БЕСПРАВНО СОБИРАЊЕ НА ДРУГИ ШУМСКИ ПРОИЗВОДИ И ДРУГИ ОШТЕТУВАЊА."*

*ВО ЧЛ. 6 ОД ИСТИОТ ЗАКОН, СТОИ: "СО ШУМИТЕ СЕ СТОПАНИСУВА ТАКА ШТО ТРАЈНО ДА СЕ СОЧУВА НИВНАТА ПОВРШИНА И ДА СЕ ЗГОЛЕМИ НИВНАТА ВРЕДНОСТ, ДА СЕ ОБЕЗБЕДИ НАЈГОЛЕМ ПРИРАСТ СПОРЕД ПРИРОДНИТЕ УСЛОВИ И ДА СЕ СОЧУВААТ И ПОДОБРУВААТ НИВНИТЕ ПРОИЗВОДНИ И ОПШТОКОРИСНИ ФУНКЦИИ. ПРОИЗВОДНИ ФУНКЦИИ, ВО СМИСЛА НА ОВОЈ ЗАКОН, СЕ ПРОИЗВОДСТВО НА ДРВНА МАСА ЗА СЕЧА И ДРУГИ ШУМСКИ ПРОИЗВОДИ.*

*ОПШТОКОРИСНИ ФУНКЦИИ, ВО СМИСЛА НА ОВОЈ ЗАКОН, СЕ ВЛИЈАНИЕТО НА ШУМИТЕ ВРЗ ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, А ОСОБЕНО ЗАШТИТАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО, НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА, СООБРАЌАЈНИЦИТЕ И ДРУГИ ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ, КОРИТАТА НА ВОДОТЕЦИТЕ ОД ДЕЈСТВОТО НА ПРОЦЕСИТЕ НА ЕРОЗИЈА, ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА И РЕЖИМОТ НА ВОДИТЕ И РЕЖИМОТ НА ЕРОЗИВНИТЕ НАНОСИ, КЛИМАТСКИОТ РЕЖИМ, ПЛОДНОСТА НА ЗЕМЈИШТЕТО, РЕГУЛИРАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОДИТЕ, СОЗДАВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ЛЕЧЕЊЕ, ЗАКРЕПНУВАЊЕ, ОДМОР, СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА, ТУРИЗАМ. ЛОВ И ДРУГО."*



**СН:** Во некои кругови од шумарството, со донесувањето на новиот закон за Заштита на животната средина, се гледа тенденција на "одземање", на дел од шумите со кои стопанисува ЈП "Македонски шуми". Вашиот коментар за ова прашање?

**АС:** Ние, како ЈП кое стопанисува со шумите во Р. Македонија во државна сопственост можеме општокорисните функции, во смисла на Законот за заштита на природата, во кои спаѓаат, влијанието на шумите врз заштитата на животната средина, заштита на водотеците од дејството на процесите на ерозија, подобрување на состојбата и режимот на водите и режимот на ерозивните наноси, климатскиот режим, квалитетот на земјиштето, регулирање на квалитетот на водите, создавање на услови за лечење, закрепнување, одмор, спорт и рекреација, туризам, лов и друго, да придонесеме и тоа го правиме на специфичен начин.

Согласно Законот за заштита на природата и подзаконските акти имаме право да издвоиме одделни делови или подрачја на шумите со кои стопанисуваме да ги проследиме до Министерството за животна средина и Дирекцијата за заштита на природата со тоа што тие ќе ги верифицираат и ќе ги прогласат за заштитени подрачја од определена категорија.

Како ја гледате примената на Законот за заштита на природата, во услови кога ЈП "Македонски шуми" се трансформира?

Неспорен е фактот дека ЈП "Македонски шуми", располага со шумарски стручњаци со висок капацитет. Треба само, дел од нив да се назначат за надлежни за прогласување на посебни природни вредности на нашите шуми, со посебна карактеристика, посебен геоморфолошки предел, посебно хидролошки предел, водопад, река, тоа значи ние како претпријатие да можеме оние стандарди и прописи кои ги пропишува Законот, да ги спроведеме на површините со

која стопанисува ЈП. Притоа, неопходна е обука и едукација на овие кадри, кои понатаму овие шуми би ги уредиле, со тоа што во нив не би имале никакви стопански активности, туку само одгледувачки и заштитни мерки или одржливо ниво. Тие предели треба да се одржуваат и негуваат, а пред сè да бидат отворени пред граѓаните со што ќе се создадат услови, граѓаните да ги запознаеме со природните вредности и карактеристики на тоа што е заштитено. Независно, дали е тоа во делот на растителната флора и фауна или пак геологијата, морфолофијата, хидрологијата итн. Сè со една цел, да не се нудат нашите површини на шума да ги користи некој друг субјект, без разлика дали е тоа Национален парк или е тоа локалната самоуправа. Да не биде тоа како што се случи со Смоларските водопади, каде обележаните картографските граници не одговараат, односно не соодветствуваат на природните граници на сливното подрачје на реката Ломница - Смоларска река, со границата на локалитетот Смоларе. Опфатена е и површина од соседно сливно подрачје кое не припаѓа на сливното подрачје на реката Ломница, туку на соседен слив - водотек од атарот на село Дражево кои ги стопанисува како туристички објект општина Струмица, а со шумата во овој слив не може да стопанисува ЈП "Македонски шуми". Значи, од местата кои се предвидени со Законот за заштита на природата, а во моментот нашето претпријатие стопанисува со нив, со извесна пренамена да направиме излетнички места, да направиме трим патеки, да направиме mount bike патеки, стојалишта за параглајдинг, простор за едукација на ученици...и други начини за афирмација и заштита на шумите.

## Дали постои опасност од преземање на оваа улога, од други правни субјекти?

Опасноста постои, меѓутоа ние треба самите да се организираме за таа опасност да ја амортизираме. Значи пак е проблемот во нас самите.

Ние треба тоа да го организираме на еден квалитетен начин поткрепено од стручни лица кои ќе бидат одредени само за таа намена, екипи кои ќе се специјализирани, а тоа многу лесно може да се направи со испраќање на кадри на едукација во Хрватска, Босна, Словенија, Бугарија, Грција, секаде каде што има таква практика. Во тој дел тоа можеме да го средиме и со тоа да ги амортизираме тие работи. Бидејќи има иницијатива од еколошките друштва и Министерство за животна средина и просторно планирање, голем дел од шумите кои се од голема важност за стопанството за државата и за ЈП "Македонски шуми", веќе да се прогласат за заштитени подрачја. Сега е на ред Осоговскиот масив. Веќе има одредена иницијатива, и ние енергично треба да застанеме зад таа иницијатива со тоа што ќе ги оставиме тие површини и понатака на управување и стопанисување во "Македонски шуми". Во нив спаѓа и реонот на планинскиот масив Јакупица, од Солунска Глава до Велес и на овој реон треба да се направат вакви заштитени подрачја, кои според предлог Просторниот план на РМ се предвидени за Национални паркови.

## Што се случува при разграничувањето, односно правењето на нови граници меѓу територијата на Националните паркови и ЈПМШ?

Имаме проблем со новото прогласување на Националниот парк Пелистер чија површина се зголемува за 1500 ха и неговата граница влегува во ШСЕ Брајчинска шума со кој досега ние стопанисувавме. Проблемот е во тоа што дивечот на таа површина е даден под концесија



на португалската компанија Аквапура, која во рамките на проектот Аквапура - Македонија ги опфаќа сите природни ресурси и со нивно пренасочување се развива висок туризам и во делот на ловството во овој крај. Тука се појавува моментот на правилно регулирање на управувањето и користењето и нејзиното пренасочување од стопански, во заштитени, одгледувачки и туристички дејности во овие шумски реони. Притоа треба да се разбие фамата кај определени шумарски кругови дека со пренасочување на дел од површините од шуми за експлоатација во заштитени, ќе се направи штета на јавното претпријатие, затоа што сите закони и подзаконски акти кои што се донесуваат со новиот Закон за заштита на природата се во согласност со барањата и очекувањата на Европската Унија и други релевантни институции кои ќе ни го олеснат патот на евроинтеграција на Република Македонија.

Ние како држава мораме да ги почитуваме законските регулативи, а ЈП "Македонски шуми" да се приспособува на новите барања на гореспоменатиот закон. Тоа значи дека сето наше искуство и кадровски капацитети само малку треба да ги пренасочиме кон една нова гранка што ја потенцира заштитата на природата и со тоа дел од шумите со кои стопанисуваме да ги пренамениме

во заштитени површини или паркови на природата. Според Нацрт просторниот план донесен од Владата на Република Македонија во 1998 година ова е предвидено во делот за заштита на природното богатство.

"Преку различни степени на заштита до 2020 година ќе бидат заштитени пет национални парка, осум строги природни резервати, 38 научноистражувачки природни резервати, 6 предели со посебни природни карактеристики, еден карактеристичен пејсаж, 26 посебни природни резервати, 14 одделни животински видови и 167 споменици на природата. Вкупната површина под споменати подрачја и објекти ќе изнесува 3598,18 км² или 14 отсто од територијата од Републиката. Посебна предност се дава на национални паркови, особено на предложените за прогласување- Шар Планина и Јакупица, со оглед на специфичноста на природните вредности и значењето што го имаат за регионите во кои се наоѓаат. Вкупната површина под национални паркови до 2020 година ќе изнесува 188.198 ха, односно зголемување за 79.858 ха нови површини."

"Посебна задача во идниот период претставува продолжување на инвентаризацијата и проучувањето на заштитените и загрозените видови флора и фауна во рамките на трајната програма на заштита на генофондот и работата на Црвената книга на Македонија. Планираниот развој на информацискиот систем на Републиката го вклучува и развојот на информацискиот систем за заштита на природата како дел од овој систем. "

Сето ова треба да се направи во соработка со другите институции и во согласност со Просторниот план на Република Македонија каде што се вели: "Заштитата на природното наследство во Р. Македонија е



регулирана со Законот за заштита на природните реткости, со Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро и со Законот за заштита на националните паркови, како и со други закони и подзаконски акти кои ја регулираат оваа област."

"Состојбите на заштита во оваа сфера не се во согласност со законските постапки, и акти. Како резултат на расчекорот во потребите за заштитата и нејзиното практично остварување, на режимите на заштитата што ги определува регулативата. Се забележува нарушување на природните процеси во еко-системот, оштетување и уништување на заштитените подрачја и објекти, од причина што се фаворизираат интересите на другите дејности насочени кон експлоатација на природните вредности на просторот во моментални материјални придобивки, без долгорочно согледување на последиците од ваквиот пристап."

**Ги нагласивте најважните делови од стратегијата за просторен развој. Што значат тие за ЈП?**

Во Стратегијата за просторен развој во рамките на Просторниот план на Република Македонија се предвидени цели за зачувување и заштита на сите простори со исклучиви и неповторливи природни вредности; зачувување, заштита и унапредување на сите карактеристични претставници на одделни еко системи, давање предност на заштитата и унапредувањето на природните вредности кои се користат со поголем интензитет (покрај населени места), зачувување на амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот со акцент на адекватно користење на поголеми природни целини, целосна зашита на флората и фауната на поголеми просторни единици, зачувување на генетскиот и екосистемскиот биодиверзитет, заштита на природните предели околу културно историските споменици, воспоставување на еко-мрежа на заштитени природни добра како подрачја со посебна намена и зелени коридори од аспект на заштитата на квалитетот на животната средина, поврзување на подрачјата и зоните со иста или слична намена со оние од непосредното опкружување на РМ, дефинирање на субјектите како управувачи кои ќе се грижат за заштитата на природните добра.

Вклопувањето и спроведувањето на овие цели или барем во делот што го засега ЈП "Македонски шуми "е императив за идните залагања и насоки на движење на делот на трансформацијата на ЈП во интерес на зачувување, заштита и негување на дел од површините со кои стопанисува ЈП "Македонски шуми", во рамките на Законот за заштита на природата.

*разговорот го водеше СОЊА НИКЧЕВИЌ*

# 60 ГОДИНИ ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ

*ШУМАРСКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" – СКОПЈЕ, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Е ОСНОВАН ВО ДАЛЕЧНАТА 1947 ГОДИНА. ДЕНЕС, ТОЈ ПРЕТСТАВУВА ЕДИНСТВЕНА ВИСОКООБРАЗОВНА И НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА ИНСТИТУЦИЈА ОД ОБЛАСТА НА ШУМАРСТВОТО И ДРВНАТА ИНДУСТРИЈА ВО Р. МАКЕДОНИЈА.*

*ВО ТЕКОВНАТА 2007. ГОДИНА СЕ НАВРШУВААТ 60 ГОДИНИ ОД ФОРМИРАЊЕТО НА ШУМАРСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ ОД ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА СТРУЧНИ КАДРИ, НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА И ПРИМЕНУВАЧКА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА ШУМАРСТВОТО И 35 ГОДИНИ ОД ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА СТРУЧНИ КАДРИ, НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА И ПРИМЕНУВАЧКА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА ДРВНАТА ИНДУСТРИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. ОВОЈ ЈУБИЛЕЈ СЕ ОДБЕЛЕЖУВА СО ГОЛЕМ БРОЈ АКТИВНОСТИ.*

Јубилеите постојат за да се прославаат, но и за да се сумираат резултатите на работата, достигнувањата и постигнување на што подобро–котирачко место во наставно–научната дејност на локално и светско ниво.

Самиот факт што факултетот успешно работи и функционира полни 60 години, укажува на тоа дека оваа научно-образовна институција веќе го има постојаното место во стопанството и науката на Република Македонија. По повод 60 годишнината од постоењето на Шумарскиот факултет од Скопје, во тековната 2007 година спроведени се низа активности за одблележување на овој значаен јубилеј. Покрај 60-годишнината од постоењето на Шумарскиот факултет, се слават и 35 години постоење на насоката Дрвна индустрија.

"Прославата на јубилејот, се трудиме да ја одбележиме работно, со резултати на научно-истражувачко поле и да ја оправдаме традицијата на формирање на квалитетни кадри од шумарската и дрвно преработувачката струка,"- ни рече деканот на Шумарскиот факултет во Скопје, проф. д-р Коле Василевски. "Последниве неколку години работиме по нова програма која е приспособена на современите потреби на стопанството во Р. Македонија. Интересот за студирање на овој факултет е голем.Од учебната 1998/1999 година, наставата на додипломски студии е организирана во 4 насоки, односно по два на Институтот за шумарство: студии за шумарство и за озеленување и унапредување на животната средина, а на Институтот за дрвна индустрија: механичка технологија на дрвото и студии за проектирање и технологија на мебел и ентериер."

Во учебната 2004/2005 год. на сите насоки наставните програми се целосно усогласени и компатибилни со европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС). Меѓународната универзитетска и научна јавност од областа на шумарството и дрвната индустрија, токму по повод јубилејот на Шумарски факултет имаше можност за размена на искуства и научни трудови од областа на шумарството и дрвната индустрија. Од 24 до 26 октомври 2007 година во Охрид (хотел Метропол) во организација на Шумарскиот факултет се одржа **Меѓународен симпозиум на тема:**

- **Одржливо шумарство, проблеми и предизвици и**
- **Перспективи и предизвици во дрвната индустрија**

На симпозиумот беа поканети и зедоа учество: Проректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје; претставник на Министерството за образование и наука; претставник на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство; претставници на ЈП „Македонски шуми" и други релевантни институции. На симпозиумот беа присутни преку 100 учесници од Македонија, Србија, Хрватска, Словенија, Бугарија, Словачка, Романија, Албанија и Финска. Од овој симпозиум е издаден Зборник кој содржи 89 трудови и три постери, прикажани на околу 550 страници.

На 12. декември 2007 година на Шумарскиот факултет се одржа Свечена седница на Наставно-научниот совет, а потоа во Домот на АРМ и Свечена академија со присуство на голем број гости од научните и јавни институции од државата и странство. Како крајна активност за одбележување на овој јубилеј,



*Проф. Д–р. Коле Василевски – декан на Шумарски факултет*

Шумарскиот факултет планира, во текот на наредната година, да организира средба: Шумарски факултет-претставници од Стопанството на Р. Македонија каде што на тркалезна маса ќе биде дискутирано за конкретните проблеми во Шумарството и Дрвната индустрија." На свечената седница одржана на 12.12.2007 год. во просториите на Шумарскиот факултет беа

присутни бројни гости од институциите на шумарството, ректорот на универзитетот “Св. Кирил и Методиј”, деканот на ШФ од Белград, проф д-р Ратко Кадовиќ, проф д-р Веселин Брезник - продекан на Шумарско-техничкиот универзитет во Софија, проф д-р Милко Милков - декан на ШФ - Софија, проф д-р Нено Тричков - Механичка технологија на дрвото, претставници на МЗШВ, МЖСПП, од дирекцијата и подружниците на ЈП “Македонски шуми”, Национални паркови во Македонија и професори и предавачи на ШФ, поранешни и сегашни студенти на Шумарскиот факултет во Скопје и други гости.



*Од Свечената седница на ШФ*

Во поздравниот говор, со кој ги поздрави присутните, деканот на Шумарскиот факултет во Скопје, проф. д-р Коле Василевски, рече: **“Од самото основање до денес Шумарскиот факултет во Скопје, автономно, работи во составот на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј”, како најголем и најстар универзитет во РМ и претставува единствена високообразовна и научно-истражувачка установа во републиката, од областа на шумарството и дрвната индустрија. Основната мисија на самоеволуцијата и еволуцијата на Шумарскиот факултет е образување на квалитетни, високостручни научни и истражувачки кадри од областите на озеленувањето, унапредувањето и заштитата на животната средина, преработка на дрвото, проектирање, технологија на производството на мебел и ентериер и придонес за одржливиот развој на шумите во РМ.**

**Тргнувајќи од мисијата на факултетот, нашата стратегија е насочена кон континуирано следење и примена на современите научни, техничко-технолошки достигнувања, стопанските движења во државата и светот, адаптација на студиските програми кон современите трендови, осовременување на наставно-образовниот процес, масовно и активно вклучување на студентите во наставно-образовните и другите процеси на факултетот, подобрување на исклучително лошата кадровска состојба, зголемување на обемот и квалитетот на научно-истражувачката и апликативна дејност, проширување и збогатување на соработката со домашни и странски институции, проширување и осовременување на објектите за наставни и научно-истражувачки цели. “**




*Од Свечената седница на ШФ*

Во понатамошниот тек на седницата, со пригодни обраќања, присутните ги поздравија гостите од странство. На јавните институции и гостите од странство, по повод долгогодишната и плодна соработка им беа доделени признанија -плакети. Признание - плакета за долгогодишната соработка со Шумарскиот факултет, доби и ЈП “Македонски шуми”. Плакетата ја прими генералниот директор на ЈП “Македонски шуми”, г-дин Владимир Бахчовановски, кој во име на вработените во Јавното претпријатие се заблагодари за доделеното признание, со желба за понатамошна успешна соработка меѓу двете институции. Со бурен аплауз беше поздравен гестот на ген. дир. за повик на интервју за вработување на претходно прогласените најдобри студенти на генерацијата, како гест за конкретизирање на соработката. Од страна на проф д-р Александар Трендафилов беше претставена монографијата издадена по повод јубилејот **“60 години Шумарски факултет и 35 години дрвна индустрија“**

Шумарскиот факултет во Скопје е основан како оддел на Земјоделско-шумарскиот факултет во Скопје, есента 1947 година. Со основањето на Земјоделско-шумарскиот и Медицинскиот факултет, и веќе претходно формираниот Филозофски факултет, создадени се услови и можности за формирање на првиот македонски Универзитет “Св. Кирил и Методиј”, со седиште во Скопје. По основањето, Земјоделско-шумарскиот факултет работи во извонредно тешки просторни, материјални и кадровски услови. Во 1950 година излегуват првите завршени, односно дипломирани студенти од областа на шумарството. Истата година, во рамките на факултетот е формирана Шумско-опитна станица, со задача да образува и организира теренски наставно-научни објекти: Трубарево, Крушево, Китка кај Скопје, Крушино, Караорман и др.

Во изминатиот период Факултетот минува низ повеќе организациони, реформски и развојни фази. Промените

и трансформациите се непосредно поврзани со потребите за усогласување на наставно-образовниот процес и научно-истражувачката работа со потребите на стопанството и општествено-економските промени. Од основањето на Факултетот, па до денес, извршени се статусни промени и трансформации во организирањето и управувањето, и тоа во: 1954, 1964, 1975, 1977, 1990, 1998 и 2004 година. Во 1972 година, по иницијатива на стопанството и по препорака на Собранието на СРМ, при шумарскиот оддел се отвора насоката Дрвна индустрија. Во 1975 година со одлука на Собранието на СРМ, Земјоделско-шумарскиот факултет се трансформира и реорганизира во две независни институции: Земјоделски и Шумарски факултет. Следејќи ги реформските процеси, во духот на тогашната "акциона програма", а по препорака на универзитетските органи, во 1976 година дојде до интегрирање на Шумарскиот факултет и Шумарскиот институт.

Со оглед на новонастанатите промени во општествено-политичкиот систем (процесот на трансформација и прилагодување на образовниот систем и научно - истражувачката работа кон европските модели), во 1998 година, наставата на Шумарскиот факултет се организира во 4 (четири) студиски програми: Шумарство, Озеленување и унапредување на животната средина, Механичка технологија на дрвото и Проектирање и технологија на мебел и ентериер. Во 2004 година на сите студиски програми за додипломски студии се воведува ЕКТС. Во 2006 година, ЕКТС се воведува и на последипломските студиуми. Покрај образовната дејност, Шумарскиот факултет активно учествува во реализацијата на бројни научно-истражувачки проекти, апликативни проекти, експертизи и др. На Шумарскиот факултет, покрај додипломските студии, од 1970 година се организирани и функционираат последипломски и докторските студии. Денес, на Шумарскиот факултет во Скопје, како внатрешни организациони единици, функционираат два институти: Институтот за шумарство и озеленување и унапредување на животната средина, и Институтот за дрвна индустрија. Во рамките на институтит постојат 18 (осумнаесет) катедри.

Моменталната бројна состојба на вработени на факултетот (декември 2006 година) изнесува:

- наставници: 28
- соработници (пом.асс. и асс.): 12
- тех. соработници (лаборанти): 4
- административни работници: 7
- технички персонал: 9
- шумско-опитна станица: 7
- Вкупно: 67

Наставата на Факултетот се изведува во два амфитеатри, 10 предавални, 15 лаборатории, 10 наставни збирки, 53 кабинети, читална и библиотека. За изведување на теренска настава се користат објектите на Постојните лаборатории и објектите служат за изведување настава и научно-истражувачка работа.

**Од основањето на Факултетот до денес дипломирале вкупно 2758 студенти. На Шумарскиот факултет досега завршиле: трет степен-магистерски студии 66 студенти и докторски студии 70 студенти, од кои 59 вработени на Факултетот и 11 од други институции од земјата и од странство.** Во периодот од 1997 до 2007 година на Шумарскиот факултет се реализирани голем број на проекти: истражувачки – 50, апликативни - 60 и многу експертизи, програми, извештаи, елаборати и др. Во Монографијата, во делот од библиографијата на Шумарскиот





Од Свечената академија на ШФ

факултет во Скопје, дадена е листа на трудови од наставно-научните работници и соработници, од нивното вработување до денес. Во текот на шеесетгодишната работа, Шумарскиот факултет во Скопје успешно соработувал со голем број на: универзитети, факултети, научно-истражувачки институции, ресорни министерства, шумски стопанства, национални паркови, комунални организации, водостопански претпријатија, претпријатија од дрвната индустрија и други организации, како од нашата земја, така и со институции од други земји во странство.

Во Домот на АРМ на 12.12.2007 година, се одржа Свечена академија со присуство на голем број гости од научните и јавни институции од државата и странство. Свечена академија ја отвори Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство г-дин Ацо Спасеноски, кој го поздрави јубилејот на Шумарскиот факултет и ја нагласи важноста на образованието за севкупниот развој на шумарството како дел од стопанството на Република Македонија.

СОЊА НИКЧЕВИЌ

# СВЕДОК НА РАСТЕЖОТ НА ШУМАРСТВОТО ВО МАКЕДОНИЈА

*ПРВАТА ГЕНЕРАЦИЈА ДИПЛОМИРАНИ СТУДЕНТИ НА ШУМАРСКИОТ ФАКУЛТЕТ ИЗЛЕЗЕ ВО ДАЛЕЧНАТА 1950 ГОДИНА. МЕЃУ ПРВИТЕ ШЕСТМИНА, ДИПЛОМИРАНИ Е Д–Р ЗОРБОВСКИ МИТКО, ДОЛГОГОДИШЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТИТЕ ЕКОНОМИКА И ОРГАНИЗАЦИЈА НА ШУМАРСТВОТО, ЕКОНОМИКА НА ДРВНО –ИНДУСТРИСКИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА, МЕТОДИКА И ЕКОНОМИКА НА ШУМАРСТВОТО. АВТОР И КОАВТОР Е НА 125 НАУЧНИ ТРУДОВИ, ОСНОВАЧ НА КАТЕДРАТА ЗА ЕКОНОМИКА И ОРГАНИЗАЦИЈА НА ШУМАРСТВОТО, МЕНТОР НА ПЕТ ДОКТОРИ НА НАУКИ, 12 МАГИСТРИ, 120 ДИПЛ. ИНЖ.. СВЕДОК НА РАЗВИТОКОТ НА ШУМАРСТВОТО ВО Р. МАКЕДОНИЈА, СВЕДОК НА СИТЕ ПОЛИТИЧКИ И ОПШТЕСТВЕНИ ПРЕВИРАЊА ВО ДРЖАВАТА ОД НЕЈЗИНОТО ОСНОВАЊЕ ДО ДЕНЕС. ЧОВЕК СО ОГРОМНО ЖИВОТНО И АКАДЕМСКО ИСКУСТВО, А СКРОМЕН И ОДМЕРЕН ВО КАЖУВАЊЕТО НА СВЕДОШТВАТА НА ВРЕМЕТО, СО ОГРОМЕН РЕСПЕКТ КОН ПРОФЕСИЈАТА НА КОЈА И ГО ПОСВЕТИЛ ЦЕЛИОТ СВОЈ ЖИВОТЕН ВЕК.*

Тема на овој број е одбележувањето на 60 години од постоењето на Шумарски факултет–Скопје и во рамките на овој прилог би сакале да поразговараме со професорот Д–р Митко Зорбовски, како еден од првите дипломирани студенти на овој факултет, во далечната 1950 година.



“После војната, во 1945 год., при обнова на разрушената земја, се појавува голема потреба од високообразувани кадри во шумарството и земјоделството, како тогаш, многу перспективни и потребни гранки на новоформираното стопанство. Во тоа време, во Македонија имаше повеќе стручњаци од страна, од Белград, од Русија, дојдени на некој начин, со своето искуство да помогнат во поставувањето на основите на разни стопански гранки. Пред тогашната Влада на НРМ, се постави прашањето, дали е подобро да се искористат овие кадри или да се формира високообразовна институција од областа на шумарството и земјоделството. Превагна фактот дека постои поголема можност и перспектива за развој на шумарството со сопствени кадри, се формира Одбор за организационо-техничка подготовка при Министерството за земјоделство и шумарство, во состав: инж. Ханс Ем, инж. Јордан Блажески, инж. Горан Филиповски и во 1947г. се формира Земјоделско-Шумарски факултет, кој со работа започна во септември истата година, со 39 студенти -земјоделска насока-I година и 12 студенти на шумарска насока. Запишаните 12 студенти на II-година беа студенти -македонци кои прва година завршивме на Шумарскиот оддел на Пољопривредно-шумарскиот факултет во Земун. Интересно е да се каже, кога станува збор за запишаните студенти во прва година, дека поради малиот одзив за студии на тој оддел (само 15 запишани студенти), Факултетот, без согласност на студентите, префрли 24 студенти од земјоделски на шумарски оддел, сите што во средно училиште имале добри оценки по математика и физика. Секако, во прво време имаше извесно негодување од нивна страна. Меѓутоа сите тие, студиите ги завршија со многу добар успех и станаа добри стручњаци во својата област.”

### Каква беше првичната инфраструктурна поставеност на Шумарскиот факултет?

Почетокот на наставата е одбележан со Свечена седница на Наставно-научниот совет кој се одржува во салата на тогашната печатница “Гоце Делчев” на која присуствуваат сите студенти и предавачи и гости од државниот врв и другите гфакултети. Наставата по стручните предмети на шумарска насока ја држеа предавачи: д-р Илија Михајлов од Софија, инж. Ханс Ем, поранешен директор на Шумарскиот институт во Скопје, инж. Данило Тодоровиќ од Белград. Наставата по општите предмети ја држеа наставници од другите факултети (Земјоделски,

Природно-математички, Филозофски). Инфраструктурната поставеност беше на многу ниско ниво. Деканатот, и дел од постојаните наставници беа сместени во зградата на тогашниот Институт за ветерина (денешна Ауто-Македонија).”

За првата инфраструктурна поставеност на факултетот, д-р Зорбовски вели: “Имаше една предавална во зградата на Ветеринарниот институт, каде слушавме предавања од стручните предмети, со прилично голема тераса. Некаде пролетта, 1948 година, студентите со сопствени сили доградија уште една предавална. Значи и буквално сами си создадовме услови за работа. Дел од предметите ги слушавме тука, а останатите на разни други локации и (во печатницата “Гоце Делчев”, сала на Етнолошки музеј, ОУ”Браќа Миладиновци”). Така заврши првата фаза, сè додека не се изгради зградата на Ветеринарен факултет во Автокоманда. Тоа беше 1948/49 год., но студентите и понатаму беа поделени по разни факултети каде слушаа предавања по други предмети. Дури по земјотресот, се стационира факултетот во бараки на местото каде и ден-денес се наоѓа ЗШФ.

**За времето после војната, карактеристичен е и политичкиот ангажман, Вие сте првиот претседател на тогашната младинска организација на Факултетот, што претставува особена чест но, носи и дополнителни задолженија и докажување?**

Секако, обврските и одговорноста беа огромни, такви беа времињата. Покрај работата во младинската организација и следењето на наставата имаше дополнителни ангажмани, на пример, уште од почетокот, покрај ангажманот за доградување на предавалната, во недостиг од стручна литература формиравме библиотека со прибирање на книги од други установи во Скопје. На факултетот оформивме група од студенти која имаше задача да ги зема забелешките на професорите и да изготвува скрипти за студентите, да го организира спортскиот и културно-забавниот живот на студентите и слично. Може да се каже дека со тоа започна и еден вид издавачка дејност.

**Да продолжиме со развојот на Вашата академска кариера. Магистриравте, напоредно со работата на терен, а во 1959 година станавте прв доктор по шумарство на факултетот и прв доктор на Скопскиот универзитетот.**

Дипломирав во 1950 година. Веднаш по дипломирањето бев избран за асистент на Факултетот по предметите Економика на шумско-стопанските организации и Организација на шумското производство. По одлука на



наставничкиот совет, јас и другите тројца новоизбрани асистенти, моравме да одиме на пракса во некоја шумско-стопанска организација. Јас прво бев распореден во Министерството за земјоделие и шумарство, одделение за план и анализа. подоцна бев назначен за директор на Претпријатието на ветрозаштитни појаси во Свети Николе. На факултетот се вратив на крајот од 1952 год. и ја продолжив работата како асистент за предметите за кои бев избран. Докторирав во 1959 година на Земјоделско-шумарскиот факултет во Скопје и станав прв доктор на науки што докторирал на овој факултет, а според некои податоци и прв доктор на науки што докторирал на Универзитетот во Скопје. По докторирањето бев избран за доцент, потоа за вонреден и редовен професор од обласа на Економика и Организација на шумското производство. По отворањето на шумарската насока на факултетот, ја презедов и наставата од обласа на Економика и Организација на дрвноиндустриските претпријатија на таа насока.

**Професоре Зорбовски, што е карактеристично за Вашата професионална и општествена активност?**

“Сериозно сум ги извршувал сите задачи, без разлика на сите превирања и турбуленции што се случувале во текот на времето. Секогаш сум имал свој став за определени теми и настани и ретко сум отстапувал од своите размислувања и одлуки. Од студентите и соработниците секогаш сум барал подготвеност и знаење. Познат сум како строг, но правичен професор, подготвен да им помогнам на студентите во нивното усовршување. Грижата за создавање на мои наследници на Катедрата

за Економика и организација на факултетот и моите постојани контакти и соработка со колегите во шумските стопанства и дрвноиндустриски претпријатија, е уште едно од моите настојувања во мојот работен век. По моето одење во пензија, ниеден од предметите не остана непокриен со соодветен кадар."

Резултат на стручната, научната и педагошката работа на д-р Зорбовски е менторството на пет доктори по Економика и организација и на 12 магистри од истата област, кои во духот на својот професор, но и со свој личен печат ја работат својата работа. Под раководство на д-р Зорбовски подготовени се и одбранети 120 дипломски работи, а автор е на 125 научни трудови од областа на шумарството и дрвната индустрија. Автор и коавтор е на следните учебници:

• "Економика на шумскостопанските и дрвноиндустриските претпријатија"-1978год.
• "Организација на дрвноиндустриските претпријатија"-1981год.
• " Заштита при работа"- 1999 год. издаден заедно со доц. д-р Виолета Ефремова.
• "Економика на дрвноиндустриски претпријатија-макроекономика"-2002 год., заедно со д-р Петар Василев.
• "Економика на дрвно-индустриски претпријатија-микроекономија "- 2002 год., заедно со д-р Петар Василев.
• "Организација на производството "- 2003 год., заедно со проф д-р Виолета Ефремовска

Иако во пензија од далечната 1987 година, трудовите издадени подоцна, како и желбата за активно учество и следење на случувањата во шумарството и дрвната индустрија, го прават д-р Митко Зорбовски еден од осведочените дејци во областа на шумарството. Премалку простор имаме за да ја објасниме важноста и значењето на постоењето на вакви личности, чие име се спомнува во научните и наставните кругови на шумарството, со особен пиетет.Постојат уште два реализирани проекта од неговата творечка активност на кои професорот е особено горд: подигањето на ветризаштитните појаси во овчеполието кои се формирани под негово раководство и уште еден проект кој сведочи за љубовта на д-р Митко Зорбовски кон шумата и природата. Се работи за снимањето на документарниот филм на режисерот Трајче Попов, за кој го пишува сценариото, а соработува и како стручен соработник. насловот на филмот е: "**Човеку, не уништувај ме!**", што доволно говори и за еколошките залагања и силната посветеност на развојот на одржливото шумарство и правилно и планско стопанисување со нив.

*разговорот го водеше **СОЊА НИКЧЕВИЌ***

# ШУМИТЕ ВО ПРИВАТНА СОПСТВЕНОСТ –

*ПОКРАЈ СТОПАНИСУВАЊЕТО СО ШУМИТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ ЈП "МАКЕДОНСКИ ШУМИ" ВО СВОЕТО ТЕКОВНО РАБОТЕЊЕ ГИ ТРЕТИРА И ШУМТЕ СО ПРАВО НА СОПСТВЕНОСТ. ВО ПИСМОТО КОЕ ВО МЗШВ СТИГНА СО ПРИЛОГ ОД ВЛАДАТА НА РМ, ЗАЕДНО СО ПИСМО ОД НАЦИОНАЛНАТА АСОЦИЈАЦИЈА ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ПРИВАТНИ ШУМИ – БЕРОВО, ЈПМШ БЕШЕ ПОВИКАНО ВО ОДНОС НА ПРАВОТО ЗА СТОПАНИСУВАЊЕТО СО*

ЈП "Македонски шуми" сите свои активности и целото свое работење го врши согласно Законот за шумите и подзаконските акти што ја регулираат оваа материја. Сечата во шумите во приватна сопственост прецизно е регулирана во член 38 од Законот за шумите, каде во став 2 е кажано дека Одобрение за сеча во приватна шума издава Јавното претпријатие и со него се одредува дрвната маса за сеча и мерките за обновување, одгледување и заштита на шумите и рокот за нивно извршување (ст.5), при што во ст.6 од овој член е регулирано дека средствата за извршување на мерките ги обезбедува сопственикот на шумата.

Во член 39 се регулирани случаите кога не се дава одобрение за сеча.

Согласно чл.22 од Законот за шумите сите субјекти што стопанисуваат со шумите (значи и приватните сопственици), се должни стопанисувањето односно одгледувањето и заштитата на шумите да го вршат според посебните планови кои имаат важност од 10 години, кои се изработуваат од стручна институција и кои ги одобрува Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на РМ, а по предходно мислење на Министерството за заштита на животната средина и Министерството за одбрана.

Согласно чл. 23 од Законот за шуми, трошоците за изработка на посебните планови се на товар на сопствениците на шумите. Само за илустрација ќе кажеме дека трошокот за уредување на 1ха. високостеблена шума изнесува околу 360,00 денари. Досега сите трошоци за изработка на посебните планови за стопанисување со приватните шуми исклучиво паѓаат на товар на шумарството, односно на ЈП "Македонски шуми."

# ЗАКОНСКА ОБВРСКА НА ЈПМШ

*ПРИВАТНИТЕ ШУМИ, ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА УСЛУГАТА И ДРУГИ ПРОБЛЕМИ КОИ ШТО СЕ ЈАВУВААТ ВО СЕКОЈДНЕВНОТО РАБОТЕЊЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО ВО ОВОЈ СЕГМЕНТ ОД НЕГОВОТО РАБОТЕЊЕ. ЗАРАДИ ТОА, СО ЖЕЛБА ДА ГО ПОЈАСНИМЕ НАШЕТО РАБОТЕЊЕ, ЌЕ СЕ ПОТРУДИМЕ ДА ГИ ОБРАЗЛОЖИМЕ ОБВРСКИТЕ И ПРАВОТО НА ЈПМШ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ШУМИТЕ ВО ПРИВАТНА СОПСТВЕНОСТ.*

Согласно чл. 31, став 2 од Законот, користење може да се врши само во оние шуми за кој е донесен Посебен план за стопанисување. Тоа значи дека доколку ЈП "Македонски шуми" не ги изработи и плати посебните планови, сопствениците на приватните шуми не можат да ги користат сопствените шуми.

Согласно чл. 32, став 1 сеча во шума се врши само со претходна ознака за сеча. Ознаката за сеча се врши според предвидувањата во посебните планови (став 4). Начинот на вршење на ознака за сеча го пропишува Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на РМ (став 6).

Согласно чл. 33 ознаката за сеча во државни и приватни шуми ја врши ЈП "Македонски шуми" а средства за вршење на ознаката за сеча обезбедува сопственикот на шумата. Токму овој член е правниот основ за наплата на надоместокот за ознака за сеча.

Согласно чл. 34 од Законот ознака за сеча можат да вршат само стручни лица со високо образование од шумарска насока, или шумарски техничар со најмалку 6 години работно искуство во шумарството. За да изврши ознака ЈП треба да ангажира стручен работник и возило за да ја завршат работата според Законот. За испорака на шумските сортименти повторно се ангажира работник од ЈП за да изготви документација за испорака и жигосување на шумските сортименти.

Согласно чл. 40 од Законот за шуми, патиштата изградени во шума и наменети за превоз на шумски производи се сметаат за шумски патишта и ги користат субјектите што стопанисуваат со шумите. Шумските патишта можат да ги користат и други правни и физички лица под услови и начин што ги утврдуваат субјектите што стопанисуваат со шумите на чие подрачје тие се наоѓаат.



Изградбата и одржувањето на шумските патишта ја врши исклучиво ЈП "Македонски шуми". Средната цена за изградба на километар шумски пат изнесува 273.162.39 ден. Само за илустрација последните десет години ЈП "Македонски шуми" има изградено околу 1600 км. шумски патишта, со кои се овозможило приватните сопственици да стигнат до своите шуми.

Сите трошоци за пробивање на шумски патишта беа на товар на ЈП, а истото и понатаму има трошоци за нивно одржување, прочистување и сл. ЈП "Македонски шуми" како инвеститор и сопственик на шумските патишта согласно чл. 40, став 2 може да утврди услови и начин за нивно користење од други правни и физички лица, што подразбира наплата на патарина и забрана за користење. Меѓутоа ЈП досега никогаш го нема искористено тоа право, не сакајќи дополнително да ги оптоварува со трошоци сопствениците на приватни шуми. Благодарение на изграбата на шумските патишта и поголемата отвореност на шумите приватните сопственици можат да ги користат своите шуми.

За илустрација, во 2006 година ЈП "Македонски шуми" има изградено нови шумски патишта во должина од 181.91км. со вкупна вредност од 50.491.688,00ден. додека за одржување и прочистување на шумски патишта во 2006 година се потрошени средства во износ од 39.681.643,00 денари, за вкупна должина од 1783км, или вкупно потрошени средства за изградба и прочистување се 90.173.331,00 денари. Ако знаеме дека на годишно ниво за ознака во приватни шуми ЈП остварува приход од околу 30.000.000.00 денари, произлегува дека истите изнесуваат 1/3 од трошоците само за изградба и одржување на шумски патишта. Значи, каде се трошоците за одгледување, заштита, обнова, изработка на посебни планови, кои се обврска на сопствениците, а дефакто ги сноси



ЈП "Македонски шуми". Имено сите активности во делот на заштитата на шумите од пожари, од болести и штетници се вршат од страна на ЈП на сопствен трошок.

Така во 2006 година во ЈП "Македонски шуми" направени се директни трошоци за гасење на шумски пожари во износ од 2.763.983,00 ден. а во 2007 година од 24.550.006,00 денари. Во сите овие активности ЈП"Македонски шуми" не го ограничува своето дејствување само на државните шуми, туку ги третира сите шумски површини загрозени во тој регион вклучувајки ги и приватните.

Во однос на споредбите за плаќањето на надоместок за ознака во соседните земји дека е многу мал, би кажале дека споредбите треба да бидат до крај појаснети, а не треба да се потенцира само тоа што е од интерес на сопствениците на приватните шуми, а да се сокрие фактот што ги дообјаснува работите.

Како пример ќе го дообјасниме начинот со плаќањето на надоместокот за ознака за сеча во соседството - Р. Србија. Точно е дека во Р. Србија за означената дрвна маса во приватна шума по 1м$^{3}$, сопственикот плаќа 3% од вредноста на шумските сортименти ф-ко камионски пат во шума, цената е варијабилна според квалитетот на шумските производи, од друга страна за извршената услуга Министерството за шумарство на Р. Србија му плаќа на ЈП Србијашуме надомест по следните основи:
•50% од вредноста на трошоците за сеча,
•30% од трошоците за превоз и жигосување на дрвните сортименти и
•20% од трошоците за репродукција што ги плаќаат сопствениците во Министерството.

Значи и во Р. Србија трошоците за ознака се големи, но таму плаќањето е регулирано поинаку со тоа што Државата поголемиот дел од нив ги субвенционира и ѓи плаќа на Јавното Претпријатие.

Констатацијата во Барањето од Националната асоцијација на сопственици на приватни шуми дека ЈП Македонски шуми преставува монопол со стопанисувањето со шумите, после сето погоре кажано би го дефинирале како монопол на туѓи обврски. Имено ЈП Македонски шуми ги сноси обврските што би требало да ги плаќаат сопствениците на приватните шуми за следните ативности и основи:
•За уредување на шумите и изработка на посебни планови за стопанисување со шуми
•За изградба и одржување на шумски патишта,
•За заштита од пожари, болести и штетници,
•За заштита од бесправни сечи.

Плаќањето на сите овие трошоци сигурно влијаат и придонесуваат за дел од негативните финансиски резултати што ги прави ЈП Македонски шуми, но стручните кадри од областа на шумарството во име на заштитата на јавниот интерес во стопанисувањето со шумите како добро од општ интерес и овезбедувањето на одржливиот развој на шумарството, упорно ги извршуваат овие активности иако се на трошок на ЈП. Така наречената монополска положба на ЈП Македонски шуми не произлегува од вољата на менаџерскиот тим и вработените во ЈП како што се наведува во дописот, туку произлегува од законската регулатива што ја третира оваа материја. Паушалната оценка дека ЈП е перална на пари не би ја коментирале, бидејки владата на РМ како основач на ЈП ги има сите механизми за контрола на материјално-финасовото работење на претпријатието.

Констатацијата од страна на Асоцијацијата дека сопствениците на приватни шуми се пред се луѓе со ниско образование или без образование населени во рурални сиромашни средини е факт заради кој ЈП МШ се откажува од наплата на трошоците кои ги прави во интерес на Приватните сопственици на шуми. ЈП "Македонски шуми" е подготвено за конструктивно и активно вклучување на Националната асоцијација на приватни шуми при одлучувањето за висината на цената на услугата.

**Изготвиле:**
*Дипл. шум. инг. Лепосава Ѓуроска*
*Дипл. шум. инг. Симеон Тодоров*
*Дипл. прав. Павле Стојановски*

# СЕРТИФИКАЦИЈА НА ШУМИТЕ

## *Одржливо стопанисување со шумските ресурси во ЈП "Србијашуме"*

*СО ПРИМЕНАТА НА СТАНДАРДИТЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ШУМИТЕ СЕ ДОБИВА СЕРТИФИКАТ – ПИШАНА ГАРАНЦИЈА НА ТРЕТА СТРАНА, (ПРОИЗВОДИТЕЛОТ И КУПУВАЧОТ СЕ ПРВИТЕ ДВЕ СТРАНИ) ДЕКА НЕКОЈ ПРОИЗВОД, ПРОЦЕС И УСЛУГА СЕ ВО СОГЛАСНОСТ СО БАРАЊАТА НА СТАНДАРДИТЕ.*

Во светот постојат повеќе системи на сертификација на шумите. Најзначајни се PEFC (Programme for the Endorsement of Forest Certification schemes), FSC (Forest Stewardship Council), SFI (Sustainable Forestry Initiative), ATFS (American Tree Farm System), CSA (Canadian Standards Association). Во Северна Америка и Канада најзастапени се SFI, ATFS и CSA, додека во Европа се позастапени PEFC и FSC системи на сертификација.

Имајќи ги предвид предностите и недостатоците на PEFC и FSC системите на сертификација се доаѓа до следните факти:

• FSC стандардот има подобра примена кога станува збор за еден сопственик и поголема површина под шума, додека за повеќе сопственици со помала површина под шуми, подобро е да се примени PEFC стандард,

• за сертификација на шумите по FSC-стандардот се користи генерички стандард-проценителот врши сертификација врз основа на екстерните стандарди и не е неопходно да постојат национални стандарди како во случај на PEFC шемите,

• за FSC -стандард не треба да се чека по две три години за изработка на национален стандард како што е случај со PEFS - сертификацијата.

Што се однесува до државите во регионот, активностите околу примената на FSC сертификатот во дејноста шумарство, се започнати и дел завршени на подрачјето на повеќе држави: Италија, Австрија, Унгарија, Словенија, Хрватска, Република Српска, Федерација БиХ, Бугарија, Романија, Црна Гора и Грција. Под активности околу примената на сертификација се подразбира поседување на сертификат за управување со шумите, сертификат за ланец на надзор за изработка на национални стандарди.

Постоењето на национални стандарди за сертификација според FSC - шемата, не е предуслов за добивање на сертификат. Изработката на националните стандарди подразбира приспособување на генеричките (универзални) стандарди во локалното шумарство. Националните стандарди можат да бидат подготвени пред добивањето на сертификатот, во текот на процесот на оценувањето, како и после добивањето на сертификатот.

Во Јавното претпријатие за стопанисување со шуми "Србијашуме" е иницирал проектот за "Сертификација на одржливо стопанисување со шумите според FSC - програмата" кој резултираше со добивање на FSC - сертификат во еден дел од Јавното претпријатие, Шумско газдинство "Борања"- Лозница.

Со добивањето на сертификатот во Шумското газдинство " Борања"- Лозница, Јавното претпријатие за стопанисување со шуми "Србијашуме" ќе биде во можност квалитативно и квантитативно да ги изгради стручните и технички капацитети за сертификација на целиот систем на Јавното претпријатие "Србијашуме ".



FSC - стандардот се состои од 10 принципи и 56 критериуми (Интернет адреса www.fsc.org).

Основните принципи на овој стандард се:

1. Усогласеност со законите и FSC -принципите (6 критериуми)
2. Право на користење на земјиштето и одговорности (3 критериуми)
3. Право на автохтоното население (4 критериуми)
4. Односи со заедниците и правата на работниците (5 критериуми)
5. Користи од шумата (6 критериуми)
6. Влијание на животната средина (10 критериуми)
7. План за стопанисување (4 критериуми)
8. Надзор и проценка (5 критериуми)
9. Одржување на висококвалитетни заштитени шуми (4 критериуми)
10. Плантажи (9 критериуми)

FSC - сертификатот гарантира дека производот потекнува од шумата со која е стопанисувано на еколошки прифатлив, социјално праведен и економски исплатлив начин. Со исполнување на сите три услови, сертификат може да добие секој кој се занимава со шумарска дејност или на некој начин е поврзан со шумарството и производи од шумата. Со FSC - сертификатот се докажува дека производот кој потекнува од шумата не настанал со неконтролирано уништување на шумата.

Освен сертификација на шумите и производи од шума, може да се сертифицира и ланец на надзор (Chain of Custody - CoC сертификат). CoC сертификатот е сертифакт кој се дава за транспорт и преработка на производи од дрво, од шумата, низ процесот на обработка до финален производ, подготвен за купувачот, значи “од шума до продавница”.

Според FSC на 08. октомври 2007 година, во Европа е сертифицирана површина од 47. 541.610 хектари под шума со 389 FM и FM/CoC сертификати (во светот постојат 90.71.640 хектари со 883 сертификати во 77 држави). Chain of Custody - CoC сертификатот во Европа имаат добиено 3874 претпријатија (во светот постојат 7249 сертификати - во 84 држави). FSC стандардот (Forest Stewardship Council), е вистинскиот пат за остварување на целите кои сакаме да ги постигнеме, а тоа е стопанисување со шумите на одржлив начин, со усовршување на методите на работа и развивање на одговорност за стопанисување со шумските ресурси.

*дипл. шум. инж.* ***ЗОРАН ТИНТОР***
**раководител на Службата за сертификација на шумите во ЈП Србијашуме**

# CAMERARIA OHRIDELLA DESCH. ET DIMIC

## *ВО ПРИРОДНИТЕ НАОЃАЛИШТА НА ДИВИОТ КОСТЕН И ВО УРБАНИ СРЕДИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

*ВО РАМКИТЕ НА ШВАЈЦАРСКИ ПРОЕКТ (SCOPES), ВО КОЈ ПОКРАЈ ШВАЈЦАРИЈА СЕ ВКЛУЧЕНИ УШТЕ Р. МАКЕДОНИЈА, Р. БУГАРИЈА И Р. АЛБАНИЈА, СЕ ВРШЕНИ ИСТРАЖУВАЊА НА ОДНЕСУВАЊЕТО НА ЛИСНИОТ МОЛЕЦ (CAMERARIA OHRIDELLA DESCH. ET DIMIC) ВО ПРИРОДНИТЕ НАОЃАЛИШТА НА ДИВИОТ КОСТЕН И ВО УРБАНИ СРЕДИНИ.*

### ВОВЕД

Дивиот костен Aesculus hipocastanum е ендемит и реликт кој е распространет на најјужниот дел од Балканскиот Полуостров, поточно во одделни изолирани локалитети во Р. Македонија, Р. Грција, Р. Албанија и Североисточна Бугарија (Џеков, 1988). Во природни наоѓалишта кај нас застапен е на Галичица во Зли Дол, на Бистра во Сув Дол-Јама, Мала Река и Гарска Река и по клисурата на Црни Дрим - помеѓу с. Глобочица и с. Луково. (Џеков, 1988; Мицевски, 2005).

Заради убавата крошна на дивиот костен тој се фаворизира за озеленување во урбани средини, каде најчесто се сади во паркови и дрвореди.

Во 1983-1984 беше за првпат регистрирана појавата на пожолтување на листовите од дивиот костен во Охрид од страна на (Симова - Тошиќ и Филев, 1986). Потоа следеа проучувањата од повеќе стручни лица и светски институции (Лондон, Токио, Загреб, Белград и др.), кои истакнале дека не им е познат овој вид лисен молец на дивиот костен во Охридско. Според овие сознанија и обаработката на материјалот за овој вид инсект беа дадени првичните сознанија во трудот “Непознат лисен молец кај дивиот костен” на Југословенскиот симпозиум за заштита на растенијата кој се одржа во Струга 1984 год. (Симова - Тошиќ и Филев, 1986).



Врз основа на резултати од проучувањето на Н. Димиќ и таксономот Deshka кои биле објавени во Acta Entomologica - Jugoslavica 1986, овој молец е именуван како Cameraria ohridella (Lepidoptera Lithocolletidae) - Macedonien. Според новата класификација C. ohridella Desch. et Dimic е сместен во фам. Gracillariidae. (Deshka, Dimic, 1986).

Денес овој штетен молец на дивиот костен претставува најзначаен штетен инсект во урбаните средини скоро во цела Европа. (Grabenwerger, Grill, 2000; Freiate, Heitl and, Tosevski, 2002). Оттука и интересот за проучување на неговото однесување во природните наоѓалишта на дивиот костен, како и во урбаните средини во Р. Македонија каде е за прв пат констатиран од С. Филев во 1984 год.

## МАТЕРИЈАЛ И МЕТОДИ НА РАБОТА

За овие истражувања кои започнаа во 2006 и 2007 год. се избрани три локалитети во природните наоѓалишта на дивиот костен, и тоа: Сув Дол - на планинскиот масив Бистра кој гравитира према селото Извор; Зли Дол на планината Галичица кој е над селото Трпејца и Гарска Река - по течението на истоимената река. Во секој од нив е поставена по една стационарна опитна површина.

Освен во природните наоѓалишта на дивиот костен, заради споредување на резултатите се одредени и три локалитети во урбани средини во кои исто така се поставени три стационарни опитни површини. Тие стационарни опитни површини се наоѓаат во Кичево во близина на Шумското стопанство - Лопушник, во близината на Билјанини извори - Охридско. Бидејќи не е констатиран напад од молецот на дивиот костен во Дебар, избрана е опитна површина во Скопје во населбата Ново Лисиче.

Покрај овие стационарни опитни површини вршена е регистрација на појавата на C. ohridella Desch. et Dimic во урбаните средини во повеќе региони од Р. Македонија.

Од секоја опитна површина, во зависност од интензитетот на нападот се собирани од 50-100 листови, на секои 10-15 дена. Собраните листови се мешаат, и од нив по случаен избор се земани по 20 листови на кои се врши регистрација на процентот на напад, кој се оценува со индекс од 0-100%. Останатите листови се одвојуваат поединечно, и на секој лист поединечно се врши дисекција на мините под бинокуларна лупа "Caiss" - Jena (но не повеќе од 10 мини на еден лист) за да се утврди бројноста и во кој стадиум е споменатиот вид инсект.

## МАТЕРИЈАЛИ И ДИСКУСИЈА

Врз основа на теренските и лабораториските анализи кои се извршени во текот на 2006 и 2007 год. можеме да констатираме дека видот C. ohridella Desch. et Dimic со својата популациона застапеност и процент на оштетеност на листовите кај дивиот костен доминира во урбаните средини во Охрид, Кичево, во Скопје (само во 2006 година), додека во Дебар, Виница, Кочани и Свети Николе скоро да не се појавува.

Во природните наоѓалишта од див костен просечниот процент на оштетеност на листовите од направените мини на ларвата е мал и изнесува 1,97% на локалитетот Сув Дол-Кичево, 5,16% на лок. Зли Дол-Охридско и 5,93% на лок. Гарска Река- Дебарско во 2006 год., додека во 2007 година оштетеноста на листовите изнесува од 1,45% на лок. Зли Дол-Галичица, 2,12% на лок. Сув Дол-Кичево до 6,59% на лок. Гарска Река.

| Ред. бр. | Локалитет | Просечен процент на оштетеност на листовите (во %) | |
|---|---|---|---|
| | | 2006 | 2007 |
| 1 | Сув Дол -Кичевско | 1,97 | 2,12 |
| 2 | Кичево –дрворед | 10,62 | 27,61 |
| 3 | Зли Дол-Галичица | 5,16 | 1,45 |
| 4 | Билјанини извори-Охридско | 62,70 | 62,73 |
| 5 | Гарска Река - Дебарско | 5,93 | 6,59 |
| 6 | Дебар (парк) | 0 | 0 |
| 7 | Ново Лисиче-Скопје (дрворед) | 27,50 | 2,69 |

*Таб. 2 . Просечен процент на оштетеност на листовите од ларвата на C. ohridella Desch. et Dimic на одделни локалитети во Р. Македонија*

Популационата застапеност на C. ohridella варира во зависнот од локалитетите на кои се вршени истражувањата.

Најголема популациона застапеност е регистрирана во урбаните средини. Така на локалитетот Билјанини извори вкупниот број на констатирани единки од C. ohridella Desch. et Dimic е голем во текот на целиот вегетационен период. Исто така висока абунданца е регистрирана и на локалитетот Ново Лисиче-Скопје, во 2006 година. Но, во следната година бројноста на единките на овој локалитет рапидно опаѓа.







Во градот Кичево вкупната застапеност на единки од овој минер исто така е висока. Во природните популации на дивиот костен бројната застапеност на единки од C. ohridella Desch. et Dimic е мала и изнесува на лок. Сув Дол-Кичевско од 3 единки до 393 вкупно единки. На лок. Зли Дол на планината Галичица, популационата застапеност се движи од 33 до 284 единки, а на лок. Гарска Река од 39 до 387 2006 год. Абунданцата во 2007 год. изнесува на лок. Сув Дол од 14 до 405 единки, на лок. Зли Дол од 14 до 281 и на лок. Гарска Река од 132 до 594 единки.

Траењето на генерацијата во текот на 2006 година може да се забележи дека на локалитетите Зли Дол (1180 м.н.в.), Сув Дол (950 м.н.в.) и Гарска Река (880 м.н.в.) C. ohridella има две генерации, исто така двократна генерација од овој вид има и во Кичево (640 м.н.в.). Три генерации во текот на оваа година се констатирани од овој вид на локалитетите: Билјанини извори - Охрид (690 м.н.в.) и Ново Лисиче во Скопје (260 м.н.в.). Траењето на генерациите е скори идентичен во текот на 2007 год., со мал исклучок во Кичево и Скопје, заради екстремните летни температури.



## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на добиените резултати од истражувањата на популационата застапеност на C. ohridella Desch. et Dimic и нејзиното однесување во природните наоѓалишта на дивиот костен и во урбани средини во Р. Македонија, можеме да ги извлечеме следниве заклучоци:

- На природните дивкостенови стебла просечниот процент на оштетени листови од C. ohridella е мал и изнеува од 1,97% во Сув Дол -Кичевско до 5,93% во Гарска Река-Дебарско во 2006 год. и од 1,46% на Зли Дол до 6,69% на Гарска Река.

- Додека на локалитетите кои се избрани во урбаните средини процентот на оштетеност на листовите се движи од 10,62% во Кичево до 62,70% на Билјанини Извори во 2006 год и од 2,69% во Н. Лисиче до 62,73% во Б. извори-Охрид.

- Во останатите региони од Р. Македонија присуството на C. ohridella е многу мало, а на места воопшто ја нема (Дебар, Кочани, Свети Николе, Гевгелија).

- Највисока бројност од C. ohridella е регистрирана во урбаните средини на Билјанини Извори и во Кичево.

- Во природните наоѓалишта на дивиот костен абунданцата е мала.

- Во врска со траење на генерацијата, на локалитетите Зли Дол (1180 м.н.в.), Сув Дол 950 (м.н.в). и Гарска Река (880 м.н.в.) C. ohridella има две генерации во текот на оваа година., исто така двократна генерација овој вид има и во Кичево (640 м.н.в.)

- Три генерации во текот на годината на овој вид има на Билјанини извори и во Скопје.

*проф. Д-р. С. НАЧЕСКИ;*
*проф. Д-р. Б. ИВАНОВ;*
*доц. Д-р. ИРЕНА ПАПАЗОВА-АНАКИЕВА*
(ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ)

# УПОТРЕБА НА СТАПИЦИ КАКО НАЧИН НА БОРБА И КОНТРОЛА НА ПОПУЛАЦИЈА НА ПОТКОРНИЦИ

*ВО ТЕКОТ НА МЕСЕЦ МАЈ 2007, ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА КАНЦЕЛАРИИТЕ НА СНВ ОД СКОПЈЕ И САРАЕВО БЕШЕ ОРГАНИЗИРАНА СТУДИСКА ПОСЕТА НА БИХ. УЧЕСНИЦИ ВО СТУДИСКАТА ПОСЕТА БЕА ПРЕТСТАВНИЦИ НА ЈП МАКЕДОНСКИ ШУМИ И ШУМАРСКИОТ СЕКТОР ОД МЗШВ. ДОМАЌИНИ НА ОВААА СТУДИСКА ПОСЕТА БЕА КОЛЕГИТЕ ОД КАНТОНАЛНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДРЖАВНИ ШУМИ "САРАЕВО –ШУМИ".*

За време на посетата покрај другите презентации и размена на искуства, една од темите која беше посочена како интересна за нас од Македонија беше начинот на борба со поткорници во БиХ. За таа цел колегите од БиХ припремија одлична презентација за искуствата во БиХ во борба со поткорниците и дел од таа презентација би сакал да ја пренесам на сите колеги шумари.

Проблемот со поткорниците во РМ постои во поизразена форма во последните години и тоа во периодот по шумските пожари кои се случија во текот на летото во 2000 година. Во Македонија се главно нападнати состоините од бел бор и тоа на повеќе подрачја: Беровско (Ратевска Река), Нице, Витолиште и Кожуф. Дел од нападнатите состоини се од природно потекло, а дел се состоини подигнати по вештачки пат. Штетникот кој ги предизвикува штетите е шестозабиот боров поткорник (Ips Sexdentatus).

Во изминатите години практичната борба во РМ се изведува со примена на санитарна сеча во енклави каде е евидентирана појава на овој штетник и мерки кои налагаат спроведување на шумски ред: окорување на пенушките по сеча, изнесување на неискористениот материјал по сеча и негово спалување или третирање со инсектицид.

На терен може да се забележи дека и покрај спроведување на овој начин на борба, резултатите не се очекувани. Појава на нови жаришта или ширење на појасот на жариште се евидентни на терен. Затоа сакам да обрнам внимание и на други мерки на борба со овој штетник, за кои искуствата на колегите од БиХ можат да ни бидат драгоцени.

Во пракса поткорникот е секундарен штетник, но кога поради разни околности на терен се јавува повеќе материјал погоден за нивен развој, тогаш се активира инстинкт за зголемено размножување и од секундарен преоѓа во примарен штетник со што настапува каламитет. Кога се во состојба на каламитет напаѓаат и на здрави стебла, при што стеблото ги залива со смола и во тие налети одреден број на единки угинува. По таквите налети стеблото ослабува и повеќе не може да се брани пред налетите. По некои истражувања, доволни се 500 единки за едно стебло на здрава смрча да изгуби способност за одбрана. Инаку радиусот на движење при поволен ветар им е околу 50км. Така и се преселуваат од една на друга локација. Ако антените на поткорникот (каде се сместени сетилата) се "замастени" тогаш сетилата се привремено слепи. Губење на маснотијата од антените се постигнува со лет од околу 7км, со што се објаснува фактот за преселба на поткорниците од едно на друго место.

Искуството на шумарите во БиХ со каламитети на поткорници е врзано за смрчата (Ips Typographus) и во историјата на БиХ се познати три каламитети: 1929, 1948, 1997 година. Последниот каламитет е врзан со периодот на завршување на војната во БиХ (1995) кога териториите кои биле вратени од Република Српска во





владение на БиХ биле претходно интензивно користени за дрвна маса, меѓутоа без спроведување на мерки за шумски ред. Оваа ситуација на терен била предуслов за појава на каламитет во 1997 година.

Класичните методи на борба против поткорници се базираат на редовна контрола на бројноста на популацијата со помош на ревизиони стебла, додека за нивно сузбивање се користени ловни стебла, ловни купи, ловни колци, ловна кора. Со правовремена обработка на ловните стебла штетниците се уништуваат со гулење на кората и вртење на внатрешната страна спрема сонцето или неокорените стебла се третираат со хемиски средства - инсектициди.

Модерна метода е комбинација на биотехнички средства (стапици со феромони), а во случај на каламитет можно е да се комбинираат методите. Во последно време во Европа се користат старо-ново методи на сузбивање на поткорниците, значи комбинација на класичните методи со користење на феромонски препарати. Методот на ловно стебло на овој начин се применува така да на стеблото кое е претходно третирано со силен контактен инсектицид се прицврстува феромон. Ефектот




на овој начин е далеку посилен отколку обично поставување на ловни стебла.

Феромони се сложени органски соединенија од алдехиди, алкохоли, терпентини и некои киселини. Инсектите ги исфрлаат во околината како течен млаз, во облик на гас или аеросол и тоа со помош на жлезди кои кај разни инсекти се наоѓаат на разни места на телото. Феромоните спрема дразбите кои ги предизвикуваат може да се сексуални, конгрегациски, агрегациски и популациски.

Првите поткорници влегуваат во стеблото на “повик на домаќинот”, а после тоа се создаваат агрегациски феромони кои се смеса на феромони на инсекти “повик на храна” и мирис на терпентин кој во етерот го праќаат физиолошки ослабени



стебла.

Феромоните на пазар се појавуваат во облик на правоаголна плочка натопена во активна материја и запакувана во посебна фолија. Фолијата овозможува постепено испуштање на смесата во етерот. За уништување на поткорниците не е доволен само феромон, туку поткорниците е

потребно да се фатат и уништат, а за тоа се употребуваат стапици.

Еден од типовите модерни стапици е од THEYSOHN (Германија). Тие се правоаголни, со дебелина од 10см. и изработени се од квалитетна пластика. Стапицата има кров и на него има прорез за да може да се обеси феромонот. Од двете страни пластиката има вкупно 18 отвори во 7 редови и влезот е завртен нагоре. Низ отворите има циркулација на воздух за да може ветерот да го разнесува мирисот. Бидејќи поткорникот е слаб летач, следејќи го мирисот на феромонт влегува низ отворите и кога ќе влезе во стапицата не е способен да излета од неа. На крајот поткорникот преку инка паѓа на дното од стапицата од каде што не може да излезе.

Стапиците се поставуваат во систем ѕвезда или поединечно. Системот ѕвезда се поставува на оригинален статив по три стапици. На овој начин се постигнува подобар ефект, бидејќи налетната површина е поголема за три пати, а за трите стапици е доволен еден феромон.

Во случај на поединечно поставување на стапица од типот THEYSOHN потребно е да направат 2 летви (3х5см) со должина од 2 метра и една со должина од еден метар. Двете долги се набиваат во земја на растојание од 1 метар, а третата се кова меѓу нив. Правецот на стапицата треба да се изложи на удар на локален ветар заради ширење на мирисот на феромонот. Потоа во стапицата се поставува феромон во ниво на третиот ред одозгора.

Кога се поставува пар феромони, тие треба да се еден од друг на 30см во стапицата, за меѓусебното дејство да не се поништува. Во пракса ова се прави со жица која се витка.

При контрола на бројност на популацијата на поткорникот се користи една стапица на 5ха, а кога се сузбива каламитет тогаш се поставува 1 стапица на 10-15м$^3$ нападната дрвна маса при што се води сметка стапиците да се поставени една од друга на минимум 30 метри далечина. Исто така мора да се води сметка стапицата да биде на дистанца од состоината најмалку 15 метри за да не се направи вештачко жариште. Стапиците се поставуваат на северна изложеност и во полусенка. Празнењето на стапиците мора да е редовно (7 дена) затоа што со празнење на 15 дена ефикасноста се намалува на 70%, а ако е еднаш месечно се намалува на 50%. Тоа е заради мирисот на мртвите инсекти кои се на дното на стапицата и мирисот ги предупредуваат другите единки т.е. ги одвраќа. Содржината на корпата по празнење се собира и потоа се брои колку инсекти има: на пример во 1см$^3$ има 40 единки од Ips Typographus. Употребата на еден феромон трае 5 недели.



Во услови на Босна е увидено дека уловот може да има два максимума (ако се во прашање две генерации) и тоа во мај и во јули. Исто така побогат улов има во стапиците кои се на помала надморска височина. Сето горе изнесено е практично искуство на колегите од Босна и тоа за смрчевиот поткорник - Ips Typographus.

За услови во Македонија конкретно треба да се испита времето на роење на Ips Sexdentatus и тоа посебно за секое од подрачјата каде има напад на состоините од бел бор, колку генерации годишно продуцира, основни параметри за надворешните услови на кои почнува роењето итн. За секој инсект производителите на феромони произведуваат различен тип на феромон. На трговското пакување има ознака за кој тип на инсект се однесува феромонот. Покрај ова, производителите обезбедуваат и почетна обука за практична примена на феромони. Во пракса после обуката, поставувањето на стапици на терен го врши одговорен инженер со група работници.

Со правилна употреба на стапици, интензитетот на напад може да се намали и за 80%.

Во најголем дел овој текст е всушност превод од постојната презентација која беше припремена од колегите од „Сарајево - шуми" и уште еднаш сакам да ја искористам оваа прилика срдечно да им се заблагодарам на одлично спремената програма и топлиот пречек.

*шум. инж.* ***ПЕТРОВСКИ САШО***

# ПРИЈАТЕЛСТВО БЕЗ ГРАНИЦИ

*САЛИЕВСКИ НУХИ – ЛОВОЧУВАР И АНГЕЛЕ БЛАЖЕВСКИ – ШУМОЧУВАР ВО ЛОВИШТЕТО НА ЈП "МАКЕДОНСКИ ШУМИ", КАДИНА РЕКА СЕ КОЛЕГИ И ПРИЈАТЕЛИ. ДОЛГОГОДИШНИ. НИВНОТО ПРИЈАТЕЛСТВО СЕ ЗАСНОВА ВРЗ ДОВЕРБА, ИСКРЕНОСТ И ПРИПАДНОСТ КОЈА МОЖЕ ДА СЕ ИЗГРАДИ САМО ВО СОЈУЗ СО ПРИРОДАТА. НИВНОТО ПРИЈАТЕЛСТВО НЕ ПОЗНАВА НИ НАЦИОНАЛНИ ГРАНИЦИ, НУХИ Е АЛБАНЕЦ, А АНГЕЛЕ – МАКЕДОНЕЦ, СО ГОДИНИ СЕ ЗАЕДНО И НИКОГАШ НЕ БИЛА БИТНА НИВНАТА НАЦИОНАЛНОСТ. ТИЕ СЕ ЛУЃЕ СО ГОЛЕМО СРЦЕ НА КОИ НАЈБИТНА ИМ Е ЖЕЛБАТА СОВЕСНО ДА СИ ЈА ВРШАТ СВОЈАТА РАБОТА, ТИЕ ИМААТ ДОВОЛНО ЉУБОВ И ПОЧИТ КОН ШУМАТА И ЖЕЛБА ДА ЈА ЗАШТИТАТ НЕА И ЖИВОТНИТЕ ВО НЕА.*

Потребно е многу љубов кон природата, шумата и животните, за секојдневно да се изоди целата површина на ловиштето Кадина Река, кое се простира на површина од 21.100 ха , а Ангеле и Нухи секој ден ја работат својата работа пожртвувано и чесно. А за чување и штитење на шумата има потреба...

Податоците за присуство на шумокрадци и ловокрадци на овој и останатите региони во Македонија се повеќе од евидентни. Во тековната 2007 година од страна на чуварите се откриени повеќе лица, а против 27 сторители се поднесени прекршочни пријави.



Според зборовите на Ангеле, кој како шумар работи веќе 22 години, а лиценцата ја добива со формирањето на Шумочуварската служба при ЈП "Македонски шуми" во 2003 година, дрвокрадството во последно време е вносна работа, зашто, како што вели тој - "Одамна е поминато времето кога пресретнувавме крадци со коњи и магарињa, луѓе со низок социјален статус, кои собираа дрва за свои потреби. Последниве неколку години сите показатели укажуваат на тоа дека се работи за организиран криминал потпомогнат од повеќе релевантни фактори. Имало години кога сме имале и по 200 прекршочни пријави. Ова е резултат на поголема отвореност на шумските патишта кои покрај тоа што служат за подобра ефикасност на работата на претпријатието, за жал го користат и дрвокрадците, кои обезбедени со мобилни телефони и во дослух со месното население, дел од полицијата, па и од некои вработени од ЈП, ги пустошат шумите. Ова, веројатно ќе предизвика реакции кај сите - вели Ангеле, но тоа е неспорен факт пред кој не треба да ги затвораме очите! Примери кои ќе го поткрепат ова - колку сакате...

Заедно со Нухи, пред некое време, на дојава на наши колеги фативме камион во приватна сопственост натоварен со 27,50 м³ дабово огревно дрво. Камионот со товарот беше запленет од страна на редовната полиција и против прекршителот е поднесена кривична пријава. Инаку од мај наваму има запленето околу 300 м³ бесправно посечено дрво. До тука е нашата работа. Потоа судот постапува според своите овластувања, се поведува судска постапка и нас не викаат за сведоци, но ретко кога прекршителите се казнуваат, се снаоѓаат некако и потоа ние добиваме најразлични закани, само затоа што совесно си ја работиме работата".



Со колегата Нухи Салиевски се нераздвојни колеги и другари на терен. Се случува и по десет дена да не си појдат дома. На терен се секојдневно по 10-12 часа, а преноќуваат во шумската куќичка во Лисец, во селата Дејковец и Добрино, а понекогаш и во планинарскиот дом. Условите се

за никаде, ама тоа го прифатиле и не се жалат. Ги поврзува чесноста и љубовта кон шумата.

"Соработуваме и присутни сме на терен во секакви временски услови. И лете и зиме, и дење и ноќе, кога има потреба се случува да ја поминеме и целата површина на атарот. Иако на овој реон има уште четворица колеги, на кои исто така им помагаме, ние сме неразделни. Јас сум ловочувар, мојата должност е да се грижам за дивечот во ловиштето Кадина река кое се протега на 21,1 ха. "-вели Нухи Салиевски, кој 25 години работи како ловочувар во ова ловиште на ЈП "Македонски шуми".

Ловиштето Кадина река е оддалечено од Скопје само 25км и се простира на падините на планинскиот масив Караџица и дела на Јакупица, Даутица и Алиагица, каде што во зависност од надморската висина се сменуваат букова и дабова шума. Богатството од растителна храна која се наоѓа во ловиштето дава можност за комплетна нега на дивечот. Во моментов, на живописните терени на ловиштето има околу 200 грла елени, по некој елен – лопатар, околу 200 - 300 срни и околу 200 диви свињи, што ова ловиште го прави привлечно за ловен туризам. При организиран лов во ловиштето, Нухи е водач на ловциите кои



ги води и насочува во зависност од тоа што сакаат да ловат и по каков трофеј се дојдени. Но, за жал, најчесто е во конфликт со ловокрадци кои во последно време ги има сè повеќе.

"Нив не ги интересират трофеите. нив ги интересира месото. Пукаат со оружје за кое вообичаено, немаат дозвола, а со тоа (според истрелот) понекогаш се издаваат и ние бидејќи ја познаваме планината, се организираме и ги следиме. За жал, ретко се случува да ги фатиме, вообичаено - некој ги известува по мобилен телефон, тие се со добри теренски возила и додека ние стигнеме, веќе ги нема. Постапката при фаќање на криволовци е иста како со дрвокрадците: прекршителот се легитимира, убиениот дивеч се одзема и се дава на располагање на подружницата (потоа, легално, месото од дивечот се продава на пазарот), се прави пријава за криволов и понатаму следи судска постапка, според Законот. Но има многу чести случаи, на пример - да ги снема пријавите, ние сме пријавиле, но не се постапило по предметот. Инаку, периодот од откривање на случајот на злоупотреба (дрвокрадство или криволов) трае околу два часа, зашто ние немаме овластување да постапуваме без соработка со шумската или редовната полиција. Нашата работа се состои во заштитата и откривањето на злоупотребите во шумата и ние тоа го работиме со сета своја љубов и желба за заштита на шумата. Но, има секакви луѓе. Пред извесно време фативме ловокрадец



со убиена дива свиња. Ги известивме надлежните и месото го предадовме, а против прекршителот, кој патем ја злоупотребил и службената должност, што е многу чест случај, се преземени потребните законски мерки" - раскажува Салиевски.

Приказната за пријателството, двајцата колеги ја завршуваат со истовремена констатација дека: "Колегијалноста во шумарската струка е вообичаена работа, но нашето пријателство и соработка ги надминува сите граници и е доволно јака довербата за да се спречат немилите појави на кражби на дрво и криволов".

Можеби некој некогаш ќе се сети на некој начин да ги пофали или награди вака пожртвуваните и чесни работници, кои не се ретки во ЈП "Македонски шуми" - за чесноста и лојалноста кон работата.

**СОЊА НИКЧЕВИЌ**

# ГЛАВОБОЛКА НА РАБОТНОТО МЕСТО

*ГОЛЕМ Е БРОЈОТ НА ЛУЃЕ КОИ СТРАДААТ ОД ГЛАВОБОЛКА, ОСОБЕНО НА РАБОТНОТО МЕСТО, НО НА ТОА НЕ МУ ПРИДАВААТ ОСОБЕНО ЗНАЧЕЊЕ. СПОРЕД МИСЛЕЊЕТО НА НАУЧНИЦИТЕ КОИ СЕ ЗАНИМАВААТ СО ИСПИТУВАЊА ОД ОВОЈ ВИД НА ПОТЕШКОТИИ – ТОА Е ПОГРЕШНО!*

Главоболката на работно место доведува до пад на ефикасноста на работата, како и на значаен број изостанувања од работа во текот на годината. Имено, утврдено е дека четири проценти од Американците дури 180 дена во годината (половина година) чувствуваат главоболка. Испитувањата се вршени на 13 000 луѓе и утврдено е дека речиси двојно повеќе жени страдаат од главоболка во однос на мажите. За разлика од мигрената која е најзастапена кај лица околу четириесетата година од животот, другите видови на главоболка не се поврзани за староснате возраст.

## Дали главоболката е сериозен проблем или само добар изговор?

Често се занемарува сериозноста на главоболката. Најчесто при појава на главоболка, пациентот не оди кај лекар, туку самиот зема лек (аналгетик). Меѓутоа, главоболката и покрај тоа е една од десетте најчести причини за јавување на лекар, 18,3 проценти од сите посети на лекар се заради главоболка.

## Дали од главоболка почесто страдаат мажите или жените?

Тоа зависи од типот на главоболката. Најчест тип на главоболка е тензиската која е подеднакво застапена кај двата пола. Втора по зачестеност е мигренозната главоболка која е три пати почесто застапена кај жените. Имено, 20 проценти од жените на возраст од 25-50 години страдаат од мигрена. Таканаречената цлустер (алергиска) главоболка, која ја карактеризира остра болка на едната страна од главата проследена со течење на носот и солзење на очите, е почеста кај мажите.

## Влијание на работата главоболката при работа

Колку главоболката на работа е сериозен проблем? Проценката на "штетите" кои настануваат заради појава на главоболка на работа може да се донесе на два начина. Директно и индиректно. Директно преку трошоци на дијагностирањето и лечењето (разни тестови, лекови). Индиректно, со следење на ефективноста во работата, изостанувањето од работата - што заедно далеку ги надминува директните губитоци. Овие губитоци кои настануваат заради неефикасност, квалитетот на работа како и на паѓањето на продуктивноста на целата група вработени, се немерливи. Во 9 % случаи, тешките облици на главоболка може да ја намалат продуктивноста при работа за повеќе од 50 %.

## Мерки за намалување на главоболката

Кај најголем број на лесни главоболки, во зависност од индивидуалната чувствителност (присуство на заболување на желудникот и дуоденумот) се советува употреба на аналгетици со широк спектар. Треба само да се обрне внимание на појавата на т.н. "ребаунд" феномен, појава на зголемување на потешкотиите при долготрајна и зачестена употреба на лекови. За потешки облици на мигренозни главоболки е потребна медицинска помош.

Сеуште не е точно пронајдено што може да предизвика појава на определени типови на главоболка. Меѓутоа, кога лицето кое страда од главоболка ќе го запрашаме кога главоболката започнала и дали е со нешто поврзана, вообичаено како причина се наведува стрес или нервоза (при појава на тензиски или мигренозни главоболки), замор, определен начин на исхрана, и тоа конзумирање на црвено вино, жестоки алкохолни пијалоци, чоколада, некои видови сирења, потоа хормонски пореметувања кај жените (мигрена). Меѓутоа, овие фактори различно делуваат во различни периоди, одвреме - навреме и индивидуално. Исто така е можна интеракција на повеќе фактори. На пример чаша црно вино во комбинација со стрес, замор или хормонски промени може да предизвика појава на главоболка.

## Превентива

Пред сè добра едукација на вработените и запознавање со сите фактори кои може да предизвикаат главоболка, редовни превентивни систематски прегледи кои вклучуваат индивидуална антистрес програма. Добра превентива и едукација значително ги намалуваат трошоците и губитоците настанати заради намалување на ефективноста на работата.

## Најчести видови на главоболки

### *1. "REBAUND" главоболка*

Долготрајна најчесто прекумерна употреба на аналгетици може во некои случаи да ја потенцира и зголеми главоболката. Организмот се навикнува на употребата на лекот, па главоболката не престанува туку дури и се зголемува. Тогаш болниот ја зголемува дозата на лекот и правејќи магичен круг сè повеќе ги зголемува тешкотиите. Болката, вообичаено се јавува од двете страни на главата, понекогаш е проследена со мачнина, дури и повраќање, како и со вознемиреност, заборавност, слабост и депресија. Лекови, најчесто поврзани со овој тип на главоболка се наркотички аналгетици, или прекумерна употреба на големи дози на лекови од типот на аспирин, ацетисал и ибупруфен. Кафетинот кој се наоѓа во составот на другите лекови може да предизвика или да ја зголеми овој тип на главоболка. Лечењето се состои во прекинувањето на земањето на лекови со што се прекинува магичниот круг. Некои од лековите кои ја предизвикуваат оваа

појава на главоболка се наркотици кои предизвикуваат физичка зависност, а тогаш е неопходно да се побара помош од лекар. Се советува, доколку главоболката не поминува од вообичаена доза на аналгетици, па дури и се влошува, да се консултира лекар. Најверојатно ќе треба да се прекине со употреба на сите лекови во тек на една до две седмици. Лекарот ќе помогне во надминувањето на сите потешкотии кои се појавуваат во овој период. Превенција за овој вид главоболка е разумната употреба на лекови, избегување на наркотички аналгетици.

## 2. РЕВМАТСКА ГЛАВОБОЛКА

-Овој вид на главоболка се појавува заради дегенеративни промени на пршлените на вратот и вообичено е локализирана во задниот дел на главата. Во случај на комбинирање на нервите со дегенеративните промени се јавува чувство на штипење, вкочанетост и слабост. Причини за главоболка се воспалителните промени на коскено-мускулната структура на вратот кои се одразуваат и со промени на нервите на тој дел на кичмата. Се третира со употреба на големо НСАИ лекови од типот на аспирин. Исто така, при третирање помага загревање, масажа и вежби задолжително под контрола на лекар.

## 3. ГЛАВОБОЛКА –ЗАВИСНОСТ ОД КОФЕИН

-Доколку сте навикнати на употреба на кофеин, а доаѓате во ситуација неговата употреба да биде забранета или прекината може да се случи да добиете јака главоболка проследена со замор, раздразливост, депресија, течење на носот, болки во мускулите, вкочанетост или мачнина. Постојаната употреба на кофеин во мали дози (2-3 филџани кафе дневно) може да доведе до создавање на физичка зависност и појава на горенаведените потешкотии во случај на престанок на земање на вообичаената дневна доза кафе. Апстиненцијата од кофеин кај редовните корисници доведува до зголемување на проток на крвта во мозочните крвни садови. Кофеинот делува на крвните садови така што предизвикува нивно стеснување, па така прекидот на употреба доведува до ширење, зголемување на протокот на крвта и главоболка. Терапијата во овој случај се состои во повторно продолжување со консумација на кафе заштo факт е дека кофеинот се наоѓа во составот на многу лекови. Меѓутоа треба да се води сметка дека тој има и многу споредни ефекти, како и на тоа дека организмот со време се адаптира па дозата треба сè повеќе да се зголемува. Се препорачува постепено намалување на дозата на кофеин со цел целосна елиминација или употреба на минимални дози.

## 4. CLUSTER – ГЛАВОБОЛКА

Ја карактеризира интензивна силна болка во вид на жарење од едната страна на главата која мошне кратко трае. Болката е локализирана во пределот околу очите кои стануваат црвени и многу солзат. Ноздрвата од таа страна, често е затната и тече. При палпација на артеријата се чувствуваат силни пулсации. Потењето и црвенилото на лицето можат да бидат придружни појави на главоболка. Овие главоболки се јавуваат циклично, во правилни временски интервали. Индивидуалниот период трае 30-60 минути и може да се повторува до осум пати дневно во периодот на напади. Вистинската причина на овој вид на главоболка не е позната, но факт е дека следи определен биоритам. Утврдено е дека во периодот на главоболки постои определен степен на дисфункција на хипоталамусот т.н. “внатрешен часовник” и контролниот центар кој регулира низа на мозочни активности (температурна контрола, емоционален статус, метаболички и ендокрини функции). Со инхалација на кислород може да се намалат потешкотиите, што е забележано кај дури 40% кај луѓето кои страдаат од овој вид на главоболка. Третманот се состои во употреба на вообичаени лекови против главоболка, инхалација со кислород преку маска во траење од 10 минути. Помагаат и деривати од ерготамин дадени парентерално. Кортизонските препарати исто така може да ја прекинат серијата на потешкотии иако се препорачуваат во крајна потреба заради појавата на нус-ефекти. Забележано е дека лицата кои земаат алкохол или претерано пушат, страдаат од овој вид на главоболки, па се советува прекин на конзумација на алкохол и цигари. Исто така, кај овие лица е забележано појавува на коронарни заболувања, а дури 50% од нив боледуваат од чир.

## 5. ДЕПРЕСИЈА И ГЛАВОБОЛКИ

Овој вид на главоболка не реагира на вообичаена терапија и ги има сите симптоми на депресија (нерасположение, губење на енергијата, хронични болки, пореметување на сонот, промена на апетитот, намалување на либидото). Најчесто, овој вид на главоболка е од тензиски карактер. Се опишува како тапа болка во целата глава, а се влошува навечер и наутро. Прашањето е: дали депресијата ја предизвикува главоболката или главоболката депресијата. Најверојатно врската е взаемна. Се лечи со употреба на антидепресиви.

## 6. ФАКТОРИ НА СРЕДИНАТА, ФИЗИЧКИ ФАКТОРИ И ГЛАВОБОЛКА

Факторите на средината влијаат различно на секого, така што нема правила во симптоматологијата. Кај некои луѓе може да предизвикаат мигренозна главоболка со силна болка од типот на удар од едната или од двете страни на главата, проследена со мачнина, пречувствителност на звуци, светлина и мирис. Главоболките понекогаш се опишуваат како тешкотија во пределот на челото, очите и главата проследена со неспецифична и општа нелагодност. Загаденоста на воздухот во просторијата за работа или надвор, може исто така да предизвика главоболка. Терапија за овој вид на главоболка пред се е отстранувањето на факторите кои ја предизвикуваат главоболката, доколку тоа е можно, а дури потоа симптоматските причини.

Во секој случај, реалноста покажува дека главоболката е многу честа појава на работните места и, ако ништо друго, треба да се обезбедат барем минимални услови за ублажување на последиците кои може да ги предизвика оваа, наизглед наивна, појава карактеристична за модерното живеење. ФШ

# 41ви “Денови на шумарството” Охрид 2007

*ТРАДИЦИОНАЛНАТА МАНИФЕСТАЦИЈА “ДЕНОВИ НА ШУМАРСТВОТО”, ГОДИНАВА СЕ ОДРЖА ПО 41–ВИ ПАТ. ТРАДИЦИЈА НА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ ПОЗАВИДИ.*

Годинава “Деновите на шумарството” се одржаа во Охрид, покрај прекрасното Охридско езеро, во хотел “Силекс”. Натпреварите започнаа со свеченото отворање на Манифестацијата, покрај езерото кое пленеше со својата убавина во прекрасното октомвриско попладне.

Учесниците и гостите на 41-те ”Денови на шумарството” ги поздрави директорот на ЈП ”Македонски шуми”, г-дин Владимир Бахчовановски изразувајќи го своето задоволство од масовноста и долгогодишната традицијата на одржување на оваа Манифестација, посакувајќи им пријатно дружење и постигнување на добри резултати на натпреварувачите.

Традиционален покровител на Манифестацијата е Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија, во чие име присутните ги поздрави г-дин Војо Гоговски, државен советник по шумарство и ловство кој ја потенцира важноста на шумарството како гранка за развојот на државата, го поздрави значењето на оваа манифестација за шумарството и ги прогласи натпреварите за отворени.

Во рамките на оваа Манифестација се одржани:

- Државен натпревар на работници во шумарски дисциплини;
- Спортски натпревари на работници во шумарството во дисциплини: пикадо, шах и гаѓање на глинени гулаби.

На 41. “Денови на шумарство” учество земаа екипи од 28 подружници на ЈП “Македонски шуми” (подружниците “Лешница”-Тетово, “Липа”-Крушево и “Серта”-Штип не пријавија своја екипа), како и екипи на ЗШУЦ “Ѓорче Петров” од Кавадарци и од Шумарски факултет. Натпреварите се одржаа во следните дисциплини, а победници беа:

*Вештини на ракување со моторна пила*
1. Драге Стојановски-ПШС “Бигла” Демир Хисар
2. Блаже Мијалов-ПШС “Осогово” Кочани
3. Горјан Крстаноски -”Галичица” Охрид

*Гаѓање на глинени гулаби*
1. Златко Србиноски-“Сандански” Македонски Брод
2. Страхил Костовски - “Кожуф” Гевгелија
3. Коце Петревски - “Бабуна” Велес

*Шах*
1. Илија Ѓорѓиев - “Караџица” Скопје
2. Живко Станковски - “Осогово” Крива Паланка
3. Лазар Чонев - “Кожуф” Гевгелија

*Пикадо*
1. Мирјана Анастасова - “Кратово”Кратово
2. Дијана Јованова - ЗШУЦ “Ѓорче Петров”
3. Ленка Јанкуловска - “Куманово” Куманово
3. Симона Стојчевска - “Бигла” Демир Хисар

Екипен победник на 41. “Денови на шумарството” е подружница “Осогово” Кочани која го освои преодниот пехар и пехар во трајна сопственост. Наградите на најдобрите им беа доделени на свечената вечера, организирана за сите учесници на која присутните ги поздрави г-дин Живко Митревски, претседател на соорганизаторот на манифестацијата Синдикатот на работниците во шумарството и дрвната индустрија, кој за следната година вети организирање на помасовни дружења со поголем број на спортски дисциплини.

Гости на 41. “Денови на шумарство” беа и претставници на шумарствата од регионот, при што покрај дружењето, беа разменети искуства од работата. Од Шумарствата на соседните земји на игрите присуствуваа гости од ЈП “Србијашуме” чија делегација ја предводеше ген. дир. г-дин Јеша Ерчиќ , од ЈП Хрватске шуме и од Дирекција на шумите на Црна Гора.

Беа присутни и претставници на МЗШВ од Секторот за шумарство, Инспекторатот за шумарство, Секторот за земјоделство, Претставници од Шумарски факултет и други релевантни институции од државата.

Натпреварите на сите терени се одвиваа регуларно, во позитивно натпреварувачко расположение, судиите коректно и на време си ја завршија својата работа, а сите присутни најдоа интересно катче за да ги доживеат прекрасните два дена покрај, со сонце преплавеното, Охридско езеро. Организацијата на “Деновите на шумарството 2007”, која започна многу порано и која успешно ја спроведе Организациониот одбор на манифестацијата, на чело со претседателот на Организациониот одбор, пом. дир. на Сектор за ловство и ловен туризам, м-р Слободанчо Климоски, беспрекорно функционираше што придонесе за добрата атмосфера на сите полиња на натпреварување и дружење.

**СОЊА НИКЧЕВИЌ**




















НИМЕТ
генерален застапник за Македонија
ул. Теодосиј Митрополит Гологанов 28
палата Кузман-мезанин
тел. 02/ 31-28-339, 32-32-487
факс: 32-12-837
e-mail: nimet_mk@unet.com.mk